## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**Од Првото продолжение на Сто дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 април 2006 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по Сто дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Михајло Георгиевски, Марјан Ѓорчев, Цветле Јаневска, Неждет Мустафа, Рафет Муминовиќ, Лилјана Поповска, Ефтим Манев, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Нумовски, Сашко Кедев, Али Ахмети, Фазли Велиу, Агим Џелили, Мендух Тачи, Џевдет Шакири, Љубчо Георгиевски и Абдуладди Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Сега сме на точката 5 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за оружје, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претресот по амандманот за додавање два нови члена 1-а и 1-б по членот 1, поднесен од пратеникот Илија Китановски е заклучен.

Колку пратеници воопшто се потпишани?

Бидејќи 40 пратеници се воопшто присутни овде во зградата објавувам пауза до 11,30 часот.

(Пауза од 11, 05 до 11,30 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

(Присутните пратеници чекаат да се создаде кворум).

Благодарам, сега сме 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник присутен во салата, гласале 48 пратеници, 2 пратеници гласале за амандманот, нема воздржани и 46 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор уи го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 65 пратеници, гласале 48 пратеници, 45 пратеници гласале за , нема воздржани и 3 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на 6-тата точка - Предлог за донесување на закон за агенциите за привремени вработувања, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Господине Мавровски, повелете, имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Пред нас имаме Предлог за донесување закон за агенции за привремени вработувања, со Предлог на закон и очекував дека тука ќе добиеме некое решение кое ќе успее нешто во однос на она што е борба на Владата за добивање нови работни места во однос на она што значи генерална политика, но за жал, добиваме нешто многу нејасно, барем според мене, затоа што ако е целта променвуање на работата на студентските задруги, тогаш овој закон би требало да се крсти за промена на студентските задруги и начинот на работа на истите, како што во делот од причините за донесување на законот тоа се кажува. Со тоа, во однос на она што зборувавме претходно за високото образование, она што е помош на студентите и она што значи нивен начин на живеење и работа, доаѓаме допромена.

Потребата од донесувањето на законот е во функција и на вработување работници за вршење привремени работи, спречување на ангажирање на невработени лица во сивата економија. Донесувањето на законое е и во функција на усогласување со новиот Закон за работни односи, од кој произлегува обврска за усогласување на работењето на младинските задруги со Законот.

Овој закон го имаме пред нас, треба да го разгледаме, поднесени се еден или два амандмани и овој закон треба да влезе во функција. Се надевам дека наредната Влада многу брзо после тоа ќе бара ново решение или пак како што беше за некои други закони, кои ги разгледувавме до сега или ќе ги разгледуваме после ова, ќе се каже извинете, не ги согледавме сите факти и ќе има проблеми. Зошто се јавуваат проблеми? Според самиот закон, ако внимателно се чита законот, во членот 3 стои дека имаме склучување на два договори. Едниот договор значи склучување договор на агенцијата и работодавачот и вториот договор е меѓу агенцијата и работникот. Сега сето ова е во ред, но понатаму кога ќе ги разгледуваме правата и обврските ќе дојдеме до една ситуација во која

работодавачот кој ги ангажира работниците има помалку обврски кон работникот отколку агенцијата. Дали овие агенции ги сметате за толку моќни, затоа што понатаму кажувате некои ситуации кој може да биде агенција, а кој не може да биде агенција, односно кој може да формира агенција и како може да ја формира агенцијата. Мислам дека ќе се јават многу проблеми.

Во членот 4 ставот 3 - јас би зборувал сега по текстот на законот - стои: "Агенцијата за привремени вработувања не смее да отстапува работник за вршење на исти реботи кај ист работодавач без прекин или со прекин подолго од една година". За мене ова е недефинирано затоа што кај работодавачот за иста работа и за исти потреби може да се јави потреба од друг работник и на овој начин дали го ограничуваме, или пак треба да се нагласи дека не смее на истото место на работникот што веќе е ангажиран. Тука во овој дел во овој став 4 фали прецизност. Вака како што е напишано не смее да отстапува работник за вршење на исти работи кај ист работодавач без прекин или со прекин подолго од една година. Како што знаете и самите, во моментот многу од работодавачите односно од оние кои што бараат услуги, даваат и други услуги, значи работата и во други фирми и сега го доведуваме во ситуација, до колку тој има потреба или добил работа на друго работно место, овој работник едноставно не може да го искористи.

Добро, министре (му се обраќа на министерот Стевчо Јакимовски), можеби за вас е смешно, но јас ова можам да го демонстрирам со еден пример директно, па ќе видите дека не е за смеење, немаме дефинирано ништо. Еве, за пример ќе гоземеме РЕК-Битола. Во РЕК-Битола има фирми кои работат и бараа вакви работници, порано тоа се правеше од студентски задруги, се земаат луѓе кои нудат работници, деца од 16-18 години кои чистат пепел. Сега, тој е вработен или не е вработен, според ова ќе треба привремено да се вработи, па ако треба тој работник да биде префрлен од тоа на друго работно место во истата организација, вие со ова го забранувате тоа да се направи илипак ова не сте го имале предвид, односно не сте размислувале за тоа. Говорам за нешто што е многу видливо, нешто што се случува во самото стопанство.

Понатаму во членот 5 став 1 алинеја 2 стои: "да има најмалку средно образование". Од што се раководевте да има најмалку средно образование, а треба да вработи 250 луѓе. Од друга страна, говориме дека овие луѓе треба да вработат луѓе кои имаат високо образование и сега немаме ни доблест да кажеме тој што ќе ја формира оваа агенција треба да има високо образование, треба да има најмалку средно образование, или да нема никакво образование како што сега се работи и како што сега носат некои по 200 млади луѓе кои имаат високо образование, а работат како општи работници. Значи уште во старот на законот тргнувате од тоа да има најмалку средно образование.

Понатаму, во алинејата 3 на истиот член 5 стои: "располага со погоден работен простор во согласност со закон. Што се подразбира под погоден работен простор? Канцеларија со биро, без никакво биро, домашни услови или работен простор, агенција треба да се формира која ќе вработи повеќе од 250 лица. Немаме ограничување, тие 250 лица можат да бидат и 500, можат да бидат и 1000 или не знам колку. Дај боже да е така, но каде, односно со зборовите "погоден работен простор" за мене не е дефинирано.

Агенцијата за привремени вработувања не може да основа трговец поединец или трговско друштво. Тоа е ставот 2. Сега кажав дека може да основа физичко лице кое има средно образование, некој кој што се занимава со ваква работа не може да ја формира агенцијата, и покрај тоа што и во Законот за работни односи и во другите закони е кажано дека едно трговско друштво треба да има правник, треба да има економист и не знам уште што, ако некој се специјализира токму за вакква работа во агенцијата тој мора да биде само физичко лице, затоа што правните лица се исклучуваат од сето ова и физичките лица можат да го вршат ова. Да викажам право, мене тоа не ми е јасно.

Физичкото лице приложува банкарска гаранција, а висината на банкарската гаранција е: за над 250 склучени договори 30 илјади евра, до 250 склучени договори 20 илјади евра, до 100 склучени договори 10 илјади евра.

Банкарската гаранција од став 1 на овој член ќе биде активирана до колку агенцијата за привремени вработувања на работникот не му исплатила плата и придонеси од плата повеќе од три месеци. Тука би се согласил со вас, но што се случува понатаму? Наредниот став вели вака: "Приоритет во исплатата при активирање на банкарска гаранција имаат неплатените придонеси за пензиско и инвалидско осигурување". Значи имаме вработен кој што работи времено, може да биде месец, два, шест месеци, тој не е платен три месеци и вие велите дека има приоритет државата да си ги земе парите, ако остане за него од оваа банкарска гаранција во ред, ако не остане никому ништо, важно државата со ова си се заштитува и си ги наплатува средствата. За мене е многу понормално работникот да ги добие тие средства, наместо тоа да оди во ова што значат придонеси за пензиско и инвалидско осигурување. Неговите три месеци или пет месеци работа и уште да остане без пари, дека тоа му било платено како придонеси за пензиско и инвалидско осигурување не му значи многу.

Ова би го поврзал со членот 18 во кој кажувате за работодавачот. Со парична казна од 100 до 200 илјади денари ќе се казни работодавачот-корисник за прекршок ако:

Прво, не обезбеди средства за плата, придонеси од плата, надоместоци, надоместок за услугите за посредување и пресметка за плата и придонеси

од плата и не ги исполнува обврските во поглед на заштитата при работа на отстапениот работник.

Е, господине министре, ако сум јас работодавач би ризикрал да ги платам овие 100 или 200 илјади денари, ако се работи за 250 луѓе, вие да ја активирате банкарската гаранција на физичкото лице од 30 илјади евра и да ги подигнете тие пари, а ако не се лажам, овие 100 до 200 илјади се 3,5 илјади евра. Сега, оној што ги користи работниците тие што работат кај него треба да плати 3,5 илјади евра казна, а овој што ги пуштил да работат, го склучува договорот, треба да плати 30 илјади евра. Сега, не знам, можеби вашето видување на овој проблем е поинакво од моето, но вака како што стои, апсолутно не е во ред и треба да се најде начин не само да си плати работодавачот што ги ангажира вработените, туку треба да се казни многу повеќе од овој што ја има агенцијата и што му обезбедил работници да работат кај него, барем јас така ја гледам работата. Можеби не сум во право, ќе ми кажете.

Агенцијата за привремени вработувања, ако тука имаме во предвид, како што пишувате во причините дека овие се студентските задруги, во ставот 1 стои: Агенцијата за привремени вработувања може да врши работи на привремено вработување само во земјата, под услов тие работи да ги врши како единствена дејност.

Сега, многу често знаеме, дека преку тие студентски задруги студентите обезбедувале работа во многу држави во Европа и Америка со тоа што успевале дел од тоа што е нивно образование или учење на некои колеџи да го искористат токму на овој начин со тоа што биле вработени како куќни помошнички, во некои болници, хуманитарни установи и тоа го правеле токму преку овие студентски задруги. Ако имате друга визија треба да се каже кои се тие, дали е тоа агенција, некое биро кое ќе овозможи вработување на нашите луѓе во странство, а како што слушаме од последните договори дека имаме веќе нова ситуација во однос на Република Грција во однос на ваквите привремени вработувања за берачи на маслинки и портокали, дали овие агенции или нешто друго ќе биде е тоа што ќе ги обезбеди овие вработувања и начинот на кој тие ќе можат да одат во странство и да заработат, бидејќи тука очигледно е дека за нив нема леб штом барале таков начин и тука треба да се најде начин како ова да го регулираме.

Во членот 10 агенцијата и работодавачот го склучиваат договорот и тука се напишани повеќе ситуации, мислам дека е многу битна алинејата 7 од ставот 3, значи, начин и период во кој корисникот е должен да обезбеди средства за плата, придонеси за социјално осигурување и други додатоци и надоместоци, согласно Закон и Колективен договор, да достави на Агенцијата за привремени вработувања пресметка за платата и придонесите од плата на работникот и да ги наведе прописите кои кај работодавачот се применуваат за утврдување на платата и период и начин на уплата.

Ова е во ред и треба максимално да се придржуваме на ова затоа што, како што кажав, членот 18 од овој закон каде е казната од 100 до 200 илјади денари апсолутно не кореспондира со ова што како генерална обврска стои.

За натамошните алинеи мислам дека треба да се повикаме на Законот и да важат генерално за сите и покрај тоа што е наведено вака, дали со подзаконски акт или со берза на трудот, некако да ги дефинираме овие работи затоа што имате во еден дел едно сознание кое јас можам да го потврдам за иста работа, на исто работно место оној што е времено ангажиран преку фирма и тој што работи во истата фирма добиваат можеби плата 3 со 1, а ја вршат истата работа.

Затоа би предложил алинејата 8-висината на надоместокот за услугите на Агенцијата за привремени вработувања, обврските на корисникот за исплата на додатоците, надоместоците, обврските на корисникот во поглед на заштитата при работа и условите и начинот за користење на одмор и отсуства на отстапениот работник да бидат генерално подеднакви за сите. Значи, да се повикате само на Законот и тој закон да важи за тој што е времено и за тој што е редовно вработен.

Понатаму, во членот 13, токму за ова што говорев сега, платата на отстапениот работник не може да биде помала од платата на работникот кај работодавачот корисник на исти работи ако таков работник нема од плата на работник на слични работи од соодветната дејност.

Тука треба да се повикате или на колективните договори затоа што вториот дел треба да се дефинира во членот 13 за да можеме да знаеме ако таков работник нема, тој што побарува-работодавачот, колкава ќе биде таа плата затоа што може да се повика на повеќе фирми кои различно ги плаќаат граѓаните и овие што времено се вработени.

Во однос на членот 16 ставот 2-престанок на потребата за работникот кај работодавачот-корисник пред истекот на рокот наведен во договорот не може да биде причина за раскинување на договорот ниту помеѓу работодавачот-корисник и Агенцијата за привремени вработувања ниту пак Агенцијата за привремени вработувања и работникот. Ова вака е во ред како што е дефинирано, но имаме една друга ситуација што во случај на банкрот или во случај на стечај, дали таа маса или затворање на фирмата која стои, тука апсолутно не ја дефинираме таа ситуација, вие можете не уште шест месеци, бидејќи на една година имате договор, во таа година дена како што работат нашите фирми се случуваат илјада работи и мислам дека треба да го предвидите и тој дел, доколку некој не е во можност не само да исплаќа, туку да го нема ни пријавен како дел од она што значи фирма и работодавач кој ги користи овие вработени.

Ова се моите забелешки, останувам на оваа забелешка на членот 18 каде работодавачот плаќа помалку од Агенцијата и дефинитивно мислам дека со овој закон требаше да се реши нешто што значеше времено вработување, на овој начин ниту ги решивме студентските задруги, уште помалку можеме да ги решаваме другите проблеми затоа што на овој начин даваме можност секој човек кој има физичко лице со средно образование да вработи 500 луѓе, да ги однесе некаде каде што, ако видите на кои работни места работат, добро е сето ова што го барате, да има заштита при работа, да има многу услови, но реалноста, верувајте ми, е многу поинаква, многу поцрна од ова што тука сакаме да го прикажеме како закон и јас гледам големи можности за злоупотреба.

Значи, агенција како агенција треба да функционира, но она што е работодавач, како што се случува и сега работодавачите да не исплаќаат плати по пет по шест месеци, луѓето да работат по 12-15 саати, а да бидат водени дека работат 8 саати, тоа е дел на она што значи инспекција и надзор и што побрзо тоа мора да се регулира затоа што одиме кон едно општество, приватизирано, но сепак односите помеѓу работодавачот и работникот мора да бидат крајно коректно дефинирани и секој да ги знае своите права, но и своите обврски.

На овој начин мислам дека тоа не го постигнуваме, затоа би предложил ова да оди во две фази, да има разгледување за да можат да кажат нешто и стручните луѓе и директно оние кои се инволвирани во оваа работа и да донесеме закон кој ќе биде применлив.

На овој начин мислам дека не добиваме закон кој ќе го унапреди она што сакате да го направите, а тоа е вработувањето во Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Дали има некој за реплика? (Нема).

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе, почитуван министре, почитувани колеги.

Би сакала на почетокот да напоменам неколку важни работи во врска со овој Предлог за донесување на закон.

Прво, Комисијата за труд и социјална политика не го разгледуваше овој закон, а и законот кој следи после овој, а тоа е вработување и осигурување во случај на невработеност, а да ве потсетам таа е матична Комисија која треба да ги разгледува законите кои се однесуваат од областа на трудот и социјалната политика.

Доколку оваа Комисија заседаваше ќе беше многу попродуктивно и поконструктивно, со оглед на важноста на законите кои се предложени од делот на трудот. Тоа е едната работа.

Втората работа која сакам министерот за труд и социјална политика да ми ја разјасни, во претходните закони имавме поимник што значи што во законот, тука не е јасно што се подразбира под зборот "работник".

Почитуван министре во причините за донесување на овој закон вие барате и укажувате дека е потребно невработените лица кои биле ангажирани со договор за дело или учествувале во таканаречената сива економија, а од друга страна во целиот текст од законот стои работник, работник, работодавач, корисник, работник, работник. Значи, имате една нелогичност што сакате да постигнете со овој закон. Дали сакате да бидат невработените лица кои до сега беа ангажирани со договор на дело да бидат ангажирани извесен временски период кај работодавач-корисник на услугата или сакате да овозможите работник кој е веќе вработен некаде да може да го отстапи, да биде отстапен преку оваа агенција за привремени вработувања на друг работодавач кој ќе биде корисник.

Ова повеќе ми личи на оние измени на Законот за здравствена заштита со кој се овозможи како дополнителна дејност, доколку ви е намерата работник кој веќе некаде е вработен. Вие цело време се користите со терминот работник, работник, а во причините барате да се однесува на невработените лица кои до сега биле ангажирани со договор за дело. Тоа е втората основна забелешка на овој закон во кој не прецизирате што подразбирате под поимот работник иако се трудите во членот 14 да го дефинирате работодавачот.

Работодавач во смисла на овој закон значи тоа и тоа, а никаде не го дефинирате работникот, а цело време низ текстот на законот провејува терминот работник. Се знае дека работник е некој кој работи некаде инаку останатите лица кои се под Агенцијата за вработување тие се невработени лица. Така? Тие се регистрирани како невработени лица...

**Љупчо Јордановски:** Само не знаат да работат.

**Марија Којзеклиска:** Не знам дали занаат да работат, тие стојат, според номенклатурата, како невработени лица и така треба да провејува во текстот на законот, ако е тоа основната интенција.

Третата работа, со овој закон се предлага агенција за привремено вработување. Се спомнува Агенцијата за вработување, се спомнува Инспекцијата за труд. Јас би сакал да прашам каков е односот на Агенцијата за вработување со агенцијата за привремено вработување. Кои се нивните заеднички работи ако ја земеме целата смисла на законот заради кој се предлага овој закон.

Од она што јас успеав да го разберам, останува да лебди прашањето за кој вид на лица се однесува овој закон.

Значи, невработените лица кои се регистрирани во Агенцијата за вработување како податоци во агенцијата за привремено вработување треба да ги земе од Агенцијата за вработување и да им најде работодавач кој ќе има потреба од нивните

услуги, независно дали се работи за сезонски работи или она што е наведено во законот. Тие мора да имаат некоја корелација Агенцијата за вработубвање и оваа агенција за привремено вработување за да се знае на кои лица да им се понуди вработување оти не може од улица да најде некој и да му каже сака да работиш кај тој и тој работодавач да копаш лозје, ќе го земе за рака и ќе го однесе таму.

Агенцијата за привремено вработување или оние кои ќе се нафатат односно физички лица кои ќе се нафатат да бидат основачи на оваа агенција за привремено вработување, според мое мислење, треба да бидат худеини.

Прво, треба да најдат работници или невработени лица, тоа остана недефинирано.

Второ, треба да најдат работодавач кој ќе има потреба од нивните услуги.

Трето, треба да ја обезбедат целата папирологија како договори кои треба да се однесат во Агенцијата за вработување.

Четврто, треба да најдат 10 илјади евра, 20 илјади евра или 30 илјади евра за да можат да дадат банкарска гаранција да ја основаат агенцијата.

После сите овие работи кои треба да ги направи физичкото лица, да основа агенција за привремени вработувања и на крајот треба да има ќар, треба да има профит. Јас разбирам дека основниот мотив на капиталистичкото општество кон кое се стремиме е профитот, но знаејќи ги економските условите во Република Македонија, јас министре не верувам дека и вие сте свесни колку тие луѓе ќе можат да остварат профит заради кој ја основаат агенцијата.

Искрено да ви кажам јас да имам 10 илјади евра, 20 илјади или 30 илјади евра не верувам дека ќе отворам агенција за привремени вработувања, ќе најдам некој мал бизнис, бидејќи државата многу се секира за претприемништвото, ќе најдам нешто кое ќе го вложам попаметно, тие 10 илјади евра таму ќе ги вложам отколку да трчам по Македонија и да барам работници што ќе сакаат да работат, да барам работодавци што ќе ги вработат тие вработени за извесен период со сите права и обврски кои им се даваат со законот. Значи, два вида договори, договор за вработување, договор за отстапување и со сите таксативно наведени работи што треба да содржи договорот.

Во делот на работодавците, јас пред малку реков, вие се трудите со членот 14 став 1 да го дефинирате работодавачот, меѓутоа, пак се враќаме на основната поента дали се работи за невработени лица или се работи за веќе вработени лица. Ако тој работодавач кој ги ужива сите права, ако е работник кој веќе работи некаде и дополнително треба да врши определени услуги или работи за работодавачот-корисник, ќе мора да го регулира и работното време, да ги регулира одморите, платите ако вие пишувате во договорот дека треба да содржи, знаете од пракса дека тие договори се печатени, отпечатени само име, презиме, матичен број и се она што беше во договорите за работа велам, се она што како граѓанин, како единствен матичен број на граѓанинот постои во тие договори, само тоа се пополнуваше.

Значи, дефиницијата на работодавач во вистинска смисла на зборот со сите оние обврски, значи заштита при работа и се она што може да го натера работникот да ја одбие работата. Вие предлагате дека работникот може да ја одбие работата доколку работодавачот го отстапи на друг работодавач, спротивно на законот. Тоа мене ми личи како на робовладетелско општество: овој роб ти го давам тебе, земи го ти итн. Убаво е што вие сакате да направите една законска рамка, ама колку тоа ќе профункционира? Веќе и договорите и се почестото или поекспонираниот термин шемите кои постојат и помеѓу работодавачите и помеѓу, сега лично да не се навредите, ама инспекциските служби од делот на трудот знаеме колку може, или можеме да претпоставиме колку во пракса тоа навистина ќе профункционира и работникот ќе рече: јас не сакам навистина да работам, бидејќи мене мојот работодавач ме отстапи на другиот работодавач. Со тоа ќе загуби многу.

Вие почитуван министре свесни сте колку договори за дело постојат, или колку лица се вработени во Владата на Република Македонија, во СОЗР, во јавните претпријатија, по министерствата. Јас би сакала да го знам бројот на вработените лица со договор за дело во органите на државната управа, јавните претпријатија, фондовите итн. И сега вие правите маркетиншки потег со предлагањето на овој закон ќе ги обезбедите тие луѓе за една година согласно членот 4 ставот 3 од законот. Значи, една година тие луѓе ќе бидат вработени таму, ќе се легализира она што досега беше како божем забрането договор за дело, а знаете дека, или можеби не знаете, еве ако не знаете да ви кажам, можеше да се случи лицето НН да биде со договор за дело и во Агенцијата за млади и спорт и во Министерството за образование. И тоа земаше надоместок и од Агенцијата за млади и спорт и од Министерството за образование, повеќе сигурно и од вас, од вашата плата и сите оние надоместоци таму. Значи, ќе повторам, вие со ваквото решение, или со ваквиот предлог правите, мислам нема шанси нешто да ме разубеди дека не е така. Значи, правите еден маркетиншки потег со кој сакате тие луѓе да ги обезбедите за оваа година, ќе изгласаат за вас што ќе изгласаат и после една година, затоа што не можат кај ист работодавач за иста работа повеќе од една година.

После изборите кој ќе дојде на власт, нека му ја мисли што ќе прави со тие луѓе дали ќе ги дава кај друг работодавач за други работи па уште една година, или нема да ги дава, меѓутоа вие и покрај превезот кој постои дека вие сакате да го укинете Законот за младинските задруги и еве, предлагате

едно брилијантно решение агенции за привремени вработувања. Останува впечатокот дека тоа баш така во пракса нема да профункционира.

Ќе завршам почитуван претседателе. Значи, во самото образложение на законот вие велите, цитирам: меѓутоа во практиката потребите од работниците на работодавачите за вршење на привремени работи најчесто беа обезбедувани преку младинските задруги, или директно од самите работодавачи со склучување на договори за дело, како што е случај, значи Владата, јавните претпријатија, фондовите итн. Ваквиот начин на ангажирање на работниците овозможи ангажирање на голем број на лица во сивата економија со нерегулиран работно-правен статус на овие лица и одбегнување на законските обврски за плаќање придонеси и за социјално осигурување.

Почитуван министре, вие и Владата признавате дека сивата економија постои и во Владата, дека вие ги плаќавте тие лица со тоа што ги одбегнувавте, да го употребам вашиот термин, ги одбегнувавте законските обврски за плаќање на придонеси и за социјално осигурување. Истите тие лица имаа таков надоместок за договорот за дело од повеќе државни институции. Значи, истите лица беа и таму и таму и од 3, 4 места земаа плати.

И уште нешто сакам да потенцирам во делот на банкарските гаранции. Колегата Спиро Мавровски го спомна делот, значи приоритетот при исплатата. Велите дека целосен износ, или делумно банкарската гаранција ќе се активира по добивање, или известување до банката кое вие како надлежно министерство го доставувате по претходно известување и записник од инспекцијата на трудот. Кој треба до вас да го достави тоа известување, работникот, работодавачот корисник, затоа што не му се платени придонесите, или платата три месеци. Тоа не ви е прецизирано во законот. И кој друг, кој ќе каже дали банкарската гаранција делумно, или во целосен износ треба да биде активирана. Дали зависи од износот на парите, бидејќи може да биде после 6 месеци работникот да пријави дека не му исплаќал работодавачот корисник на услугата.

Во врска со тоа ќе го споменам членот 10 ставот 4 алинеја 2. Во овој дел велите: договор не може да се склучи за замена на работник за време на штрајк, ако корисникот во претходниот период од шест месеци од деловни причини им го откажал договорот за вработување на работниците кои работеле на работите за кои се бара отстапување. И под 3, отстапување на работник на друга агенција за привремени вработувања, или од еден на друг корисник, тоа што го реков пред малку, префрлување на робовите. Што ако корисникот на редовните вработени кои постојат кај него не им исплатува плата повеќе од неколку месеци и истовремено си ангажира лица преку Агенцијата за привремено вработување да му вршат определени сезонски работи. Да не се доведеме во ситуација Агенцијата за привремено вработување да ја злоупотребуваме на штета на редовно вработените лица. А интенцијата на овој закон, или онаа тенка жичка по која оди овој закон со неразјаснети што е работник, со неразјаснет однос помеѓу оваа Агенција и Агенцијата за вработување на Република Македонија опасно се приближува кон доаѓање до можност, значи да ја злоупотребуваме Агенцијата за привремено вработување на штета на луѓето кои се веќе во редовен работен однос.

Ќе повторам, и завршувам, маркетиншки потег на Владата за да можат луѓево кои работат со договор за дело, да речат: еве мислиме ние на вас, еве и закон ќе поднесеме. Прва фаза е законот за да можат да се даваат забелешки, иако законот има 21 член, ние сакаме да регулираме една огромна материја, огромен број на невработени, пак ќе прашам, ако се однесува на невработени лица? Тоа ми остана неразјаснето, можеби министерот ќе успее да ми разјасни.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Очигледно вие можете да бидете само убедени ако го повикаме на помош господинот Худеини. Кажете ми кој е тој господин? Значи, мислеше на Худини.

Има збор госпоѓа Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе, господине министре, колеги пратеници,

Јас на Комисијата ја поддржав потребата за донесување на овој закон. И сега однапред ќе кажам дека ќе ја поддржам потребата, меѓутоа не и текстот. Затоа барам министерот да ја повлече втората фаза, значи да оди во две фази донесувањето на законот од причина која ќе ја појаснам.

Прво, ова е предлог на закон за Агенција за привремени вработувања и беше потребен ваков закон. Меѓутоа, целиот законски текст оперира со терминот, отстапување на работник. Значи, отстапување на работник кој веќе е вработен. Каде се невработените лица? Воопшто никаде не се споменати дека ќе се ангажираат и лица кои не се во работен однос. Секаде во сите членови се оперира со отстапување на работник. Значи, повеќе некако ме потсетува на дополнително вработување на работниците, отколку ангажирање за привремено работење.

Во членот 3 точно, јасно се потврдува оваа теза, бидејќи тука станува збор само за договори кои ќе бидат склучени за привремено вработување, значи договор за отстапување на работник помеѓу Агенцијата и друг работодавач и договор за вработување склучен помеѓу Агенцијата за привремени вработувања и работникот кој се отстапува. Значи, никаде нема дали ќе се ангажираат и лица кои немаат статус на вработени, дали по основ на договор за времено вработување, мислам дали има договор за

ограничено работење, неограничено работење, тоа веќе не е за дебата.

Друго, јас и на Комисијата ве прашав господине министре за студентите. И дали овој закон ќе овозможи студентите времено да се вработуваат со она ограничување кое постои во законот и кое јас го прифаќам и го одобрувам дека најмногу до една година. Вие ми рековте, да, меѓутоа одредбите кога ќе ги прочитате, јас не најдов никаде место за студентите, бидејќи тие не се вработени и не можат да бидат отстапени. А оперирате со таков термин, отстапување на работниците. Дури се разви дискусија да се провери, дали студентите во таков случај ако бидат ангажирани ќе го загубат својот статус на редовни студенти, или не? Меѓутоа, оперирањето со ваков термин мене ми дава за право да верувам дека нема да бидат ангажирани студенти, бидејќи тие не можат да бидат отстапени на друг работодавач, не се ангажирани кај никој работодавач, тие се студенти.

По однос на тоа исто така, дебатиравме на Комисијата. Тука во законот јасно стои дека за отстапување на работници само во Републиката. Прашав што е со ангажирање на работници надвор од државата? Вие ми појаснивте дека не можете тоа да го контролирате итн, и јас тоа го прифаќам како објаснување. Меѓутоа, со укинувањето на Младинската задруга, во членот 19 стои дека со денот на влегување во сила на овој закон ќе се укине Задругата. Мислам ќе престане законот за младинска задруга и таа треба да се реорганизира, или ќе биде избришена од регистерот. По кои правила треба да се реорганизира? Дали да прерасне во Агенција како што предвидува овој закон. Ако прерасне во таква агенција, тогаш кој ќе ангажира студенти и други работници надвор од државата? Бидејќи со овој закон ние имаме ограничување за ангажирање само во државата. Дали со тоа на многу од нашите работници ќе им биде ускратена можноста и студенти пред се да работат во странство на оние сезонски, дополнителни и бројни работи кои можат да ги најдат надвор на нашата држава.

Тоа се моите генерални забелешки околу законот. А повторно ќе кажам, јас ќе ја поддржам потребата за донесување на овој закон. Меѓутоа, го молам министерот уште еднаш да се види текстот на законот и барам да ја повлече втората фаза.

Исто така, имам забелешки околу казните. Ако ги погледнеме казните ќе видиме дека паричните казни кои се овде предвидени не содејствуваат со штетата која може да биде предизвикана од незаконското работење на Агенцијата пред се. И затоа ценам дека треба да бидат многу построги казните за незаконско работење на Агенцијата.

И уште нешто би сакала да издебатирам, тоа е околу лиценците. Пропишано е како ќе се добиваат лиценци, пропишано е дека за незаконско работење ќе се одзема лиценца. Меѓутоа, јас инсистирам да има одредба во законот доколку еднаш ви биде одземена лиценцата, да немате право повторно да побарате лиценца. Да не се доведуваме во ситуации повторно на оние што им била поради прекршок и незаконско работење одземена лиценцата, повторно да побаруваат лиценца. Тоа се воглавно моите забелешки на овој Предлог на закон.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има збор госпоѓица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

За разлика од некои мои колеги не само што го прочитав законот, меѓутоа се потрудив и да побарам компаративни искуства кои што би можеле да ми укажат, или на недоследности, или на идеи со кои што би можеле овој закон да се подобри. И благодарение на таквиот мој пристап, јас имам и еден амандман. Но, тоа не ги спречуваше останатите мои колеги кои имаат забелешки амандмански да интервенираат за дополнување, односно за подобрување на законот доколку имаа добронамерни намери и навистина сметаа дека е потребен ваков закон во Република Македонија.

Веднаш на почетокот ќе кажам што сака да се постигне со овој закон, барем од она што јас го читав во овој закон и што сметам дека навистина може да го постигне.

Факт е дека во 13 години период на транзиција во Република Македонија една од последиците е големиот број на невработени. Факт е исто така дека проблемот со невработеноста е акутен проблем и на многу поразвиени земји во Европа, меѓутоа и во светот, вклучувајќи ги и развиените земји членки на Европската унија. Со овој закон би требало да постигнеме намалување на сивата економија во вработувањето, односно намалувањето на големите вработувања на црно, укинување на вработувањата со договор на дело. Со оглед на тоа што донесувањето на Законот за работни односи практички ја укина можноста од ваквото ангажирање и потребен е еден период да се прилагодат тие вработувања да се трансформираат во вработувања на одредено време. А од друга страна да се регулира статусот на работникот кој е ангажиран, редовноста на исплаќањето на платата и придонесите за социјалното осигурување, бидејќи тоа ќе биде исклучиво обврска на Агенцијата благодарение на меѓусебниот договор склучен меѓу Агенцијата и работодавачите. Значи, јас воопшто не би била загрижена како пратеник затоа што некое физичко лице доколку сака да формира агенција за привремени вработувања треба да издвои одредена сума во зависност од тоа каква лиценца сака да добие, затоа што јас како пратеник во принцип повеќе би сакала да го заштитам работникот отколку оној што би сакал да оствари профит.

Затоа што, таквата банкарска гаранција во зависност од потребата или бројот на склучени договори, практички ќе го заштитува работникот, бидејќи автоматски ќе се активира банкарската

гаранција, доколку Агенцијата не го исплати работникот повеќе од 3 месеци. Значи, до сега ако веќе постоела некаква можност за експлоатација без вработување или без да се води сметка или без да има некакви механизми околу заштитата на наплатата на работникот кој е ангажиран, тогаш во тој случај ова нема да биде можно, затоа што банкарската гаранција автоматски ќе биде активирана.

Една од причините зошто би требало овој закон да се донесе е заради тоа што искуството покажало дека агенциите за времено вработување се значајна форма за вработување во Европската унија која што станува од ден на ден се помасовна. Во 2004 година тие учествувале со околу 1,5% од вкупниот број вработени, вклучувајќи околу 2,5 до 3 милиони вработувања преку ваквите агенции, во отприлика 20 илјади фирми со годишен обрт од 75 билиони евра. Овој податок е официјално достапен на сајтот и можевте да го пронајдете, доколку бевте заинтересирани искрено за тоа што го зборуваме денес.

Сите земји членки на Европската унија, вклучувајќи ги и новите со кои што се прошири, имаат специфична рамка на агенциите за времено вработување, имајќи ја предвид и директивата на Европската унија на заедничка социјална политика, имајќи предвид дека зголемување на флексибилноста, прилагодливоста и инклузивноста на пазарот на трудот се основни и клучни предуслови за зголемување на бројот на вработени и за промовирање и пораст на компетитивноста во Европа. Затоа и Европскиот совет ја подвлекол потребата да се усогласи флексибилноста на пазарот на трудот и истакнал дека "Агенциите за привремени вработувања можат и треба да имаат клучна улога за постигнување на овие цели". Прв пат Европскиот совет донел таква директива и од 1982 година и во неколку наврати меѓувреме правел некои измени со цел да се подобри начинот на функционирање, меѓутоа и достигнувањето на целите кои што треба да се постигнат со ваквите агенции. Значи, приватните агенции се многу значајни и ја поддржуваат меѓу другото интеграцијата на маргинализираните групи на пазарот на трудот, но истовремено ја промовираат, пак ќе повторам, затоа што е многу важно и флексибилноста и ефикасноста на пазарот на трудот и овозможуваат докажан придонес во економскиот развој и креирање на работните места. Скорешните истражувања покажале дека агенциите го достигнале највисокото задоволително ниво при извршувањето на нивната работа. И, сега ќе прочитам еден званичен документ што е тоа што придонеле приватните агенции за пазарот на работната сила на Европската унија.

Прво, еден од најголемите работодавци во Европа се приватните агенции за вработување вработуваат околу 7 милиони работници од Европската унија на годишна основа.

Второ, ја подобруваат флуидноста на пазарот на работната сила. Значи, агенциите за привремени вработувања можат да ја усогласат работната сила на работните потреби на компаниите виртуелно веднаш преку нивната мрежа и нивната експертиза за регрутирање.

Трето, создаваат работни места кои инаку не би постоеле. Тие се одговорни за вистинското создавање на вработувањето.

Четврто, делуваат како средство за постигнување на цел на постојано вработување. 41% од агенциските работници се со долгорочно вработување за една година од нивното назначување на агенциската работа. Навистина, првите учесници на пазарот на работна сила добиваат искуство преку нивните назначувања и можат да ги демонстрираат нивните способности на потенцијалните работници и да бидат тестирани и вработени по таа основа.

Петто, зголемување на работливоста на работниците. Со држење на работниците во контакт со пазарот на работни места и обезбедување на обука, агенциите им помагаат да бидат привлечни за пазарот на работна сила.

Шесто, работат во непосредна корелација со официјалните служби, со државните служби за вработување и со тоа помагаат на оние кои бараат работа да најдат работно место.

Седмо, помош на оние кои немаат предност и кои инаку се маргинализирани групи, да влезат на пазарот на работната сила, што е многу важно. 40% од работниците кои се вработени преку овие агенции за вработување припаѓаат на групи дефинирани од ДОСД како аутсајдери на пазарот на работна сила. Тоа се долгорочно невработени, луѓе кои се од различни причини останати без работа, а се повозрасни. Првите учесници на пазарот на работна сила, тоа се оние кои тукушто ќе го завршат своето образование и ваквото ангажирање ќе им овозможи да стекнат работно искуство за да можат подоцна во текот на своето искуство или во своето барање на вработување да бидат поефикасни. Потоа, жени кои што пристапуваат на пазарот на работна сила, реков постари лица, етнички малцинства и работници со посебни потреби.

И, на крајот придонес за економски пораст и јавни буџетски приходи, со поставување на милиони луѓе на работа ги намалува придонесите за невработеност, кои ги плаќаат државите членки на Европската унија.

Овде за прв пат оваа година е направен извештај и комплетна анализа за работењето на агенциите за привремени вработувања во проширената Европска унија и оние кои што се заинтересирани можат да видат од табелата во која секоја земја членка колку работници се вработуваат, колку процентуално е тоа од вкупната работна сила, во колку гранки, кои гранки најмногу, колкав е обртот на заработувачка и т.н. Јас ќе кажам само неколку примери. Во многу земји растот после 90-те на вработувањето се намалил во текот на

наредната декада. Во Германија, на пример, биле вработени 138 илјади 451 лице преку вaквите агенции во 1994 година, за во 2000 година да зборуваме за бројка од речиси 340 илјади вработувања преку ваквите агенции.

Во Велика Британија од пораст, тотален пораст од 4% меѓу 2000 и 2004 година во однос џи-ди-пи порастот, зборуваме во наредниот период за пораст од 4% годишен. Во Унгарија овој закон е донесен во 2001 година како прва значајна регулатива што треба да се донесе, во 2004 година бележи пораст од 30 до 35% на бројот на вработени и тоа годишно во однос на претходните две години. А, Унгарија е една од земјите транзициони, за која што јас би сакала да ја земаме за пример кога станува збор за решавање на прашањето на невработеноста, со оглед на тоа што во Унгарија, прво, е многу мал бројот на невработени и второ имате области таму кои што не познаваат невработени. Потоа, Италија, во 1997 година го донесе овој закон, до 2004 година, значи за само 7 години успеа да ја намали сивата економија за 75%. И, не можете да кажете дека се ова аргументи кои што не одат во прилог на донесување на ваков закон, со оглед на тоа што ако зборуваме и ако сме согласни дека имаме проблем со вработувањето, ако сме согласни дека ги правиме реформите и го доближуваме законодавството до европското законодавство, тогаш овие решенија кои што се пропишани во овој закон, во суштина не се ништо поразлични од оние регулативи, законски регулативи кои што имаат прифатено и другите земји членки на Европската унија многу порано од нас.

Оваа форма на вработување сакам да кажам дека била секогаш дел од социјалната и од економската стварност, со оглед на тоа што секогаш постоела една бројка на вработени на црно и постојано се барале начини како тоа да се легализира. Дефакто, во Република Македонија имаме голем број на невработени, меѓутоа, на сите ни е познато дека во суштина реалната бројка на невработени е многу помала, токму заради ваквата ситуација. Меѓутоа, факт е и дека и во останатите земји членки на Европската унија кога се носеле вакви закони, имало многу критичари на ваквиот начин на вработување, но, резултатите што ги обезбедила ваквата форма на вработувања, практички ги прави неоправдани скептици, заради тоа што резултатите се евидентни во сите земји кои што го имаат овој закон усвоено.

Токму затоа, јас ќе го поддржам овој закон и само можам да кажам дека многу ми е жал што тоа го правиме на крајот на мандатот дека можеби требаше да го донесеме многу порано и сега можеби ќе зборувавме веќе за ефектите што произлегуваат од тој закон. Но, тоа останува на некој друг парламентарен состав, а се разбира тоа не значи дека тоа не можело да го направи и некоја претходна гарнитура, доколку навистина имала искрени намери да работи сериозно на ова прашање. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓице Грковска.

Три минути реплика од страна на пратеникот Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе.

Јас навистина би сакала госпоѓица Грковска да ми ја прочита одредбата во Законот која ќе продуцира поголемо вработување на невработените лица. Овде станува збор за закон за агенција за привремено вработување до една година максимум ограничување. А, секаде низ текстот се зборува за отстапување на работник. Точно е дека има и една одредба каде што вели за вработување, меѓутоа, дали агенцијата ќе ги земе од Бирото работниците, ќе склучи со нив договор за вработување, ќе ги избрише од Агенцијата како невработени и после ангажман од еден месец тие повторно ќе бидат невработени, но и неевидентирани како невработени. Ако е целта на законот таа, тогаш навистина сте во право, госпоѓице Грковска.

Инаку, јас го прочитав законот повеќе пати, верувајте ми.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеникот Грковска Славица. Повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам.

Не се сомневам дека сте го прочитале законот, меѓутоа, очигледно е дека не сте прочитале други закони на други држави. Ако направевте компаративна анализа, ќе видевте дека тоа е терминологија која што се користи во речиси сите закони кои што се донесени во другите земји за ваквите агенции за привремени вработувања. Доколку, не ми верувате јас сум согласна да ви ги дадам сите документи што ни стојат на располагање и да ви ги дадам ВЕБ страниците за да можете да се уверите во оваа точка. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути реплика за госпоѓа Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе.

Почитувана колешке, овде ни дадовте компаративна анализа со Унгарија, со Италија, со Велика Британија. Јас не знам дали вие знаете, а ако не знаете еве јас ќе ви ја кажам која е основната разлика помеѓу сите земји на Европската унија, вклучително и новопримените земји во Европската унија и Република Македонија. Значи, единствена и основна разлика е што ние како Република Македонија немаме економија, немаме развиена економија, немаме услови за создавање на голем број на приватни фирми и тие што ги има задолжително пропаѓаат ако не се со вас, со власта, за разлика од Европската унија која има традиционално развиена економија заснована на определени принципи. Затоа, почитувана колешке, тие имаат

и фирми каде што можат тие луѓе привремено да бидат вработени и има луѓе, ама мора да имаш фирма за да го вработиш тој работник таму.

Да ја земеме структурата на невработените или на тие лица што бараат работа во Република Македонија, согласно националната програма за образование и оние кои вие ни ги цитиравте во Унгарија, Велика Британија и т.н. Кај нас, почитувана колешке, 34,31% се лица со 4-годишно средно образование, 15,54% со 3-годишно средно образование, 35,64% се со основно образование, а само 5,61% се со високо образование. И, сега, вие барате ние да поверуваме дека со овој закон за основање на агенции за привремени вработувања ќе се реши невработеноста. Немојте да се криете зад таканаречената флексибилност на пазарот на трудот, како што вие ја цитиравте цело време, и борбата против сивата економија. Нема да се постигне ефектот и покрај тоа што се трудите тука да ни објасните. Министерот, фала му на Господ, па не се ни труди. Ве најде вас пратениците вие да се трудите, наместо него. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Една минута контра реплика, пратеникот Грковска Славица. Повелете.

**Славица Грковска:** Јас не би се согласила дека немаме каде да ги ангажираме, со оглед на тоа што и младинските задруги кои што функционираа до сега, доколку беше таков случајот,значи одамна ќе требаше да престанат да функционираат, заради тоа што ќе немаше каде да ги ангажираат работниците. А, меѓу другото, и вие ја сносите одговорноста доколку тврдите дека е тоа така, имајќи предвид дека во времето на периодот на вашето владеење од 1998 до 2002 година многу фирми кои што функционираа ги купивте како партиски фирми, после тоа ги затворивте. Националната платежна картичка за тоа не заживеа. Печатницата "Гоце Делчев", "Македонска банка", да не ја набројувам улогата на шоферите и т.н. Ако имаме таков пристап каков што вие имавте тогаш сигурно нема да имаме успех. Меѓутоа, дека ова е една од формите со која што може да се постигне намалување на сивата економија и дефакто легализирање на бројот на вработените, тогаш тоа е патот во земјите во Европа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има три минути реплика пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувана госпоѓице Грковска, слушајќи ве вака дојдов во една ситуација дека вие ме убедивте и јас не го разбрав законот. Значи, ова е излезот од кризата на Република Македонија. Јас мислам дека и сега на министерот почнува да му станува јасно и веќе почнува да мисли дека ваков предлог на закон не можел ни да го измисли. Значи, ако имаме 30 до 35% како што кажавте во Унгарија зголемување на невработените, ако сивата економија во Италија само за 7 години се намалила за 75%, ако бројот на вакви луѓе што бараат работа во Германија се покачил од 138 на 340 илјади луѓе, вие ќе ме убедите уште малку и јас да гласам за овој закон.

Ама имаме еден голем проблем госпоѓице Грковска. Во Република Македонија нема работа. Тоа е основниот проблем и дали тие 35% вие ќе успеете да ги вработите со закон. Никој никаде не успеал тоа да го направи. Тоа успеал да го направи само со зголемена економија, само со можности за работа, а ова што вие со закон, и многу закони предходни што ги донесовме можеби се и најдобрите. Во Европската унија вакви закони нема. Што од сето тоа? Само после две точки ние тука ќе расправаме за законот за банки за микрофинансирање, кое што тогаш беше оценето како едно од оние средства кое што ги прави компаративните вредности. Ќе видете дека во Европската унија тие банки за микрофинансирање се основата за нови работни места, основата за функционирање и работење на тие луѓе во Европската унија, а кај нас се случи да имаме само една банка за микрофинансирање , која што не проработи и сега веќе не е банка за тоа и донесуваме закон да престане да важи.

Сега јас ќе ви кажам. Во еден флексибилен пазар на трудот со 400.000 невработени вие не можете да вработите никого на ваков легален начин кога може на нелегален начин да вработи не знам колку невработени и апсолутно да не се повика ниту на Агеницијa, ниту на никакви други закони кои што ние понатаму ќе ги донесеме. Тука е основниот проблем госпоѓице Грковска. Значи, не е проблемот во законот. Законот ваков каков што е, еве и министерот ќе го прифати, чуствувам дека неговото задоволство е големо, но од тие 400.000 невработени ме тараат да мислам и да знам дека ова не го решава основниот проблем за кој носиме закон.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Една минута контрареплика за пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Прво, јас реков дека ова е едно од решенијата за намалување на ваботеноста, а господинот Мавровски смета дека и покрај аргументите што ги кажав со закон никој никаде не успеал тоа да го направи, тогаш јас веќе немам дополнителни аргументи со кои што би го убедила и покрај очигледните факти дека тоа во другите земји од Европската унија е направена.

Меѓутоа интерестен е феномен што ние секогаш сакаме компаративните искуства да ги користиме само во оној случај кога одговара на вашата лична перцепција или на моменталниот фактички став имајќи во предвид дека сме сега во предизборна кампања, па дури секоја добра работа не може да наиде на подршка. Факт е дека и Здружението на правниците во стопанството на Република Македонија го предлага ова како една

од можните форми за намалување на вработеноста и помош на бизнис заедницата во фрекфентно обезбедување со потенцијални работници од одреден вид, квалитет и знаење.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓице Грковска.

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе,

Денес кога доаѓав во Собранието на Република Македонија и додека чекавме да се обезбеди кворум и да почне седницата седевме во пратеничката група и мора да кажам дека многу голем дел граѓани се јавуваа и прашуваа какви се овие закони кои што сега треба да ги разгледувате - Агеницијa за вработување, Закон за осигурување во случај на невработеност, итн, тоа значи многу заинтересирани од аспект на тоа што е тоа што ние денеска треба да го гледаме, а беше дилема дали е тоа оној закон за стечајните работници, или оној закон за технолошки вишок. Фактички она што народот го мачи и она што е навистина проблем во Република Македонија. Се трудевме да објасниме што закон е, меѓутоа очигледно не успеавме по телефон и права е среќа што кога се отвори дебата по оваа точка се пријави колегата Спире Мавровски, да сега се отвори една дебата во која што имаше храброст и некој од позицијата да стане и да каже нешто афирмативно за овој закон, инаку цело време дискутира опозиција.

Значи сакам да кажам едно. Ако овој закон е закон кој ќе оди по скратена постапка, предлог за донесување закон со предлог на закон и ако прв пат една ваква материја се уредува сега со закон значи најмалку, или најмногу што можеше да се направи е предлагачот односно претставникот на Владата да излезе и да каже барем два-три збора што е тоа што овој закон го нуди, не заради нас, не заради пратениците, ние имаме можност да го прочитаме, туку заради македонската јавност затоа што очигледно луѓето ги интересира. И можеби најголем дел од дискусијата немаше да се одвива вака доколку министерот најдеше засходно да каже што е тоа што се нуди со овој закон.

Инаку, дебатата по однос на овој закон не почна од денеска. Слушам радио емисии нон-стоп како се коментира вака ќе биде, дали студенти ќе работата, дали не итн, а за сето тоа Владата ни два збора не кажа. Навистина не ми е јасно дали прекутно со тоа признава дека законот е лош, или остава опозицијата да си џавка, ние имаме парламентарно мнозинство од типот на претходната колешка која што е спремна да го брани со компаративна анализа итн, и ние ќе си седиме како влада. На крајот од краиштата се е исто, ќе се изгласа итн.

Почитувани колеги, почитуван министер.

Кога дебатираме за вакви закони, а треба да дебатираме, мора да отвориме суштинско прашање. За секој еден закон, не само за овој, било која област во Собранието на Република Македонија мора да го отвориме прво тоа прашање - што е тоа што со овој закон ќе се постигне. Која е неговата основна цел? Ако тоа го расчистиме треба да се прашаме дали сега е времето да го носиме овој закон, сега, на крајот од мандатот и ако беше толку добра идеата и целта зошто не го донесовте на почетокот на мандатот.

Ако го читаме образложението на законот главно се спомнува дека овој закон, како и другиот нареден што е после оваа точка е законот во стилот на активните мерки на пазарот на трудот. Значи, подржување на активните мерки на пазарот на турдот, па потоа ќе одиме со насока за поттикнување и поддржка на вработувањето, подобрување на квалитетот на услугите на работодавачите и невработените лица на пазарот на трудот итн,итн, подобрување на условите во делот на посредувањето при вработувањето и незнам што, образложение за кое што мораме да кажеме дека навистина не соодвествува со еден ваков текст, особено не соодвествува со она што е реална состојба во Република Македонија.

Јас ќе бидам отворен и ќе кажам кога станува збор за вработувањето, или за невработеноста на Република Македонија, особено на граѓаните во Република Македонија им е доста од експерименти. Експерименти со измени на закони, со носење на закони, а ете и понатаму шетоцифрен број на невработени лица, преку 390.000 се невработени. Нека се и 360.000, зависи како ќе го земете, но шестоцифрен е бројот и ништо посебно не сте направиле во тој дел.

Бројката и не е толку важна, видете го само соодносот на вработени со невработени колкав е, па тогаш да правиме компаративна анализа или споредба со други земји. Тогаш ќе видиме каде е вистинскиот проблем. Дали е вистинскиот проблем во проблемот на посредување на работниците односно работната сила односно проблемот на тоа што постојаната агенција за вработување, онаа што е под државна капа не е во можност да го направи тоа посредување, работодавачите слабо се информираат за бројот на невработени, поточно за стручната подготвеност, струка итн, а работни места имаме на претек. Сега тој проблем го надминувавме со приватна агенција која што треба да ја зајакнат таа посредничка улога за побрзо работникот да доаѓа до работа, до работно место, зборуваме за привремени вработување. Треба ли да се лажеме дека е тоа проблемот. Јас ќе ви кажам, и сите овде добро знаат дека не е тоа проблем. Клучниот проблем е имаме ли работни места воопшто во Република Македонија за кои што можеме да зборуваме дека има потреба од работна сила. Ако некој каже имаме тогаш е нелогично да зборуваме зошто тогаш имаме толкава маса на невработени, или зошто соодносот помеѓу вработени и невработени е тука некаде. Значи, мора тука да знаеме дека

проблемот е што нема работа. Во Република Македонија нема работа.

Инаку, почитувани колеги јас ќе ве потсетам.

Експерименти после 15 септември 2002 година кога власта ја презеде народот во свои раце еден куп експерименти во однос на оваа материја. Бранков закон еден, Бранков закон два, пет шест измени во законот за вработување и осигурување во случај на невработување, нов закон за работни односи. Тука беше министерот, многу рече по тој закон. "Со тој закон ќе ги натераме работодавачите да вработуваат повеќе, затоа што стариот закон тоа не го овозможуваше итн,итн.". Една од причините беше токму тој закон за работни односи ќе привлече странски инвестиции што толку ќе се затрчаат во Република Македонија што ние нема да знаеме како да понудиме работна сила па измисливме закон со кој што нудиме преку приватни агенции, со гаранции итн, како одеднаш да му ги понудиме работниците. Министерот за труд и социјална политика како надлежен во ресорното министерство сега свати со овој закон дека Република Македонија имала проблем со сиви вработувања. Овде пишува "суви", ама тоа е очигледно грешка, станува збор за "сиви", значи со сиви вработувања.

Да ви кажам една сугестија и на вас министре и на замениците тука - не е проблемот во посредувањето. Проблемот воопшто не е тука. Многу се итри работодавачите и многу лесно вработуваат работници. Многу лесно. Прошете еве сега заедно со мене, кај сите оние работодавачи кои што работат со текстил, шијат, прават итн, да се прошетаме секаде да видиме дали нема работници таму. Има и тоа ги менуваат како чорапите секоја недела кој како сака. Но, најголем дел, 99% се непријавени, неосигурани итн. Зошто, се поставува прашање. Затоа што тука станува збор за чиста експлоатација. Еве воведовме мерки, воведовте вие како министер и како Влада мерки на електронско мерење на работното време. Што дека го донесовме тој закон? Ниту има инспекција, ниту некој исконтролирал, за работното време прашајте некој колку е таму. Дали е осум саати или е десет или дванаесет саати. Комплетна експлоатација. Се работи за четири, пет или шест илјади денари, никој не е пријавен, никој никому не плаќа осигурување итн. итн. Значи, зошто тоа е проблем?

Затоа што никој не е будала. Од работодавачите кои доаѓаат во Република Македонија од незнам каде никој не е будала, сите добро знаат колкав број имаме работна сила. Зборуваме за пазарна економија. Имаме огромна понуда на работна сила. Кој е тој што ќе ви почитува еден ваков закон и сите оние други што ги кажав и уште колку други има. Никој. Се користи маката на народот која благодарение со плаќањето на оваа власт само е зголемена, не намалена се користи сиромаштијата, чиста експлоатација. Јас ви тврдам дека ништо овој закон нема да придонесе. Ама баш ништо. Само ќе го имаме во купот од хартии, во купот од закони уште еден додатно, за да после веднаш после овој закон ќе зборуваме за еден друг закон  што од активни мерки намалуваме рестрективни права на работниците од што сме многу активни.

Сега да прозбориме и за компаративната анализа. Ја слушавме колешката Славица, спореди со земји членки на Европската унија, ама само се заборава една работа. Каде е Европска унија, каде сме ние? Каде се членките на Европска унија, каде сме ние Република Македонија? Тоа е многу битно прашање. Нас некој ни прогнозира 2020 ќе влезете, па ние се пофаливме не 2020 година, 2019 година и тоа е веќе успех на оваа Влада, а можеби ќе биде 2220. Но, што е суштинската работа? Не можете да правите компаративна анализа со земји со развиена економија и земја со чиста сиромаштија во која што освен понуда на работна сила друго ништо нема. Ништо друго нема. Каде се инвестициите во Република Македонија? Четири години зборуваме за инвестиции. Кој како премиер седне тој само најавува ова инвестиции, ова инвестиции, а ништо. Колку работни места отворивте за овие 4 години што сте на власт? Нови работни места за да можеме да бараме посредници кои ќе вработат луѓе. Што направивте овие 4 години освен што ја зголемивте сиромаштијата и што ја доведовте Република Македонија на ивица на пропаст.

(Некој од пратениците од место дофрлува...)

Тоа што ние бевме на власт заврши приказната, на 15 септември кога народот ја зеде власта во свои раце. Не се занимава народот со нас, се занимава со вас.

Друго да ве прашам. Дали со овој закон, на кого да се обратам, еве колешке вас ќе ви се обратам (мисли на госпоѓица Грковска).

**Слободан Најдовски:** Обратете се на Парламентот господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Дали со овој закон конечно ќе го реализирате она да вработите по еден член од семејството. Ако не го реализирате, да ве прашам вас министре, ви требаше ли овој закон за да вработите 75 или 76 во клинички центар со договор на дело, сега пред неколку дена. Не ви требаше овој закон. Многу брзо министерото за здравство се снајде и одеднаш најде 76 работници и тоа сите по партиски клуч. Јас укажувам, не ви треба ваков закон. Си имате вие списоци, вие од ЛДП, тие од СДСМ, овие горе од ДУИ и тие списоци така убаво фрчат, апсолутно не е потребна никаква агенција за привремено вратотување. Избори идат треба да се задоволи членстовото. Партискиот клуч функциотнира. Но прашањото е, слушаме во јавнста, слушаме во сите средства за информирање дека и тоа таму што е уфрлено е вишак. Дека само да се задоволи некој партиски апетит, во ред е, избори се, да кажеме дека ние работиме односно вие работите. Работиме, нема поздрава баба, толку ја бива, гледате и пред избори работиме. Носиме

закони ама ништо не сработивме. Значи, тоа е клучното пашање?

Значи, повторно ќе се вратам на компаративната анализа.

Почитувана колешке сте прашале за сите тие земји што ги набројавте колку има стечајни работници, колку имаат технолошки вишак работници и што со таа категорија на луѓе, што ќе прават со овие агенции, со таа категорија на луѓе. Некој наполни 50 години, некој направил 19 години стаж, некој направил 24 години стаж, па не го фаќа ништо. Кој ги сака нив? Ни Агенција за привремено вработување, ни приватни, ни државни, никој не ги сака, а најмногу не ги сака работодавачот. Сте прочитале ли огласи за вработување. Видете таму кој улсов се бара? Да не е постар од 25 години, максимум да е 30 години итн,итн. Истото тоа ќе важи за овие привремени агенции. Истото. Никој од работодавачите нема да сека некој постара категорија, освен што овие агенции евентуално ќе можат од таа млада популација за која што и не е проблем и без нив може да најдат работа доколку ја има. Добро знаат луѓето се сервисира. Значи тука е проблемот. Да ви кажам нешто друго. И министерот и Владата оваа категорија на граѓани ги бара. Таа ги бара да му ги реши проблемите, а не оваа другата, сега агенција ќе формираме за привремено вработвање, додека сме на власт, па после нека му ја мисли некој друг. Не знам што сте пишале "максимум една година". Максимум еден месец, избори во јули се, доволно е толку.

(некој пратеник од место дофрлува, а претседавачот опоменува со ѕвончето)

Едно треба да бидеме сите овде. Треба да бидеме отворени и свесни кога нешто фалиме или критикуваме да знаеме од каде паѓаме. Овој народ овде во Република Македонија не сака закони колеги. Сака реализација. Сака да излезе министерот и да каже дека вработил 150.000, ама не бришани од список, туку ефективно таму, таму и таму. Или не мора да го прашувате министерот, тоа да се почуствува меѓу народот. Да се види, а не секој втор ден штрајк. Тоа го сака народот. И затоа џабе ви се овие работи. Џабе се, апсолутно нема потреба, ниту е време ниту е место затоа што ден пред избори не се носат вакви закони.

Ако навистина овој закон бил такво револуционерно решение кое ќе придонесе да се намали невработеноста и што ти јас знам, се она што го кажуваше колешката, во другите земји требаше да го направите веднаш одкако седнавте како министер односно одкако дојде оваа Влада, па денес да имавме една анализа, дали во Република Македонија, благодарение на овој закон се вработиле плус 60.000 луѓе или не. Вака каде ќе ја најдеме таа анализа, кога? Брзо ќе си заминете од власт и кој ќе ја прави таа анализа. ВМРО? Не, нема да ја прави таа анализа, сигурно.

Значи, апсолутно не навлегувам во текстот и нема да дискутирам за текстот затоа што илузорно е да се дискутира за текстот. Според мене, нема потреба од овој закон. Овој закон не е ништо освен политички маркетинг, ако може власта да се извади односно да си ги измие рацете сега пред избори, барем од најнезадоволната категорија на граѓани во Република Македонија, тоа се невработените. На некој начин да сеете магла сега пред избори, а тоа не врви, верувајте дека не врви. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика за министерот за труд и социјална политика господинот Стевчо Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Да не се занимавам со политика и кога прв пат би го видел господинот Караџоски, би мислел дека од Норвешка е дојден, не од Македонскиот Парламент и да присустувал во претходниот состав. Бидејќи многу сака да дава компаративни анализи, јас сега ќе му кажам неколку компаративни анализи и би го замолил да си ги запише за да ги запамти.

Република Македонија во 1998 година имаше 255.000 невработени, за кога тој и неговите другари ја предадоа власта во 2002 година, имаме 374.500 лица, а денес имаме 358.850 невработени. Можете да си пресметате за колку е тоа помалку од тогаш кога вие сте биле на власт.

Понатаму, во 1998 година, 378.000 лица земале плата и им биле платени придонеси, за 2002 година само 340.000 . Тоа е за 38.000 лица помалку. Тоа е господине Караџоски економската политика која вие ја поддржувавте.

Понатаму во 2002 година, вкупно во Република Македонија нашле работа, значи еден работник можел повеќе пати да нашол и да загубил работа 186.000 лица , за во 2005 година да најдат работа 246.000 лица. Тоа е директен резултат на мерките првземени од Владата, од Агенцијата за вработување и оној Закон за работни односи што вие го критикувате и што не можете да ги разберете причините поради кои се менуваат законските решенија заради зголемување на флексибилноста на работната сила. Значи, во Македонија полесно се доаѓа до работа и полесно се губи работното место. Тоа било целта на измените на тие законски решенија.

Што се однесува до партиските кадри кои се вработуваат во владините институции итн, јас одговорно сакам да ви потврдам дека по договор за дело тоа што ангажирало Министерството за труд и социјална политика, ниту еден член на ВМРО-ДПМНЕ кој бил поставен во Министерството за труд и социјална политика, не е пипнат, за разлика од вашето вандалско однесување, секаде каде вашите градоначалници се докопаа до градинките, се на клоци ги истераа негователките, а не претпоставувате дека се тоа лица кои се грижат за деца и тие деца емотивно се врзани за нивните негователки и воспитувачки. Значи вашите лица внатре не сме ги оставиле затоа што многу ги сакаме, туку затоа што сме воделе сметка за тие деца кои емотивно се врзани за своите учителки, негователки, воспитувачки итн.

За другите прашања по основ на законот, законот е многу јасен и немам засега што да додадам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Јакимовски.

Процедурално за збор се јавува господинот Слободан Чашуле.

Кажете во што е процедуралната забелешка.

**Слободан Чашуле:** Процедуралната забелешка е во тоа што министерот очигледно го буни номенклатурата на политичките партии во Република Македонија и искажува невистина. Ние сме ВМРО-Народна партија, а градоначалниците за кои станува збор се градоначалници на господинот Никола Груевски.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Немаше повреда на процедура, само често пати се користи процедуралната забелешка за дообјаснување.

Една минута контра реплика пратеникот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине министре јас не сум од Норвешка, ама очигледно вие сте од Финска или од Данска, затоа што ако не бевте овде во Република Македонија, немаше ни да знаете колку оваа одржава била правна , па за тоа ве учевме. Тоа е прво.

Второ, сакате да ме убедувате мене, или народот. Јас сега ќе ви кажам една компаративна анализа за да го убедите народот. 25% од рејтингот на партиите на Република Македонија, во овој момент има ВМРО-ДПМНЕ. СДСМ не знам дали има 14%, ама ЛДП има минус нула. Вие каде што припаѓате, очигледно со вашиот стил на работа има -0. Значи, тоа господине министре зборува за вашата рбота. Оставете го нашето време. Бранете се за тоа што сега сработивте. Ние заминавме, ама пак доаѓаме.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Три минути реплика, господине Алити.

**Рафис Алити:** Навистина тоа што го слушнавме од колегата Жарко Караџоски, не е во однос со вистината дека ние вработуваме само партиски кадар итн. Тоа беше стил на нивното работење, во нивната Влада, со нивните коалициони партнери. Јас го разбирам зошто и понатаму мисли така, но, еве за да се убеди, добро е да направени една анкета од тие кои се вработуваат и ќе види дека нема ништо вистина во тоа. Навистина, тие кои ги исполнуваат условите во Агенцијата за вработување и се вработуваат, што значи најмалку во однос на нас од ДУИ. Не е тоа наш стил на работа.

Во однос на странските инвеститори, зошто не доаѓаат да инвестираат кај нас, сигурно дека господинот Караџоски оваа работа ја знае подобро од мене, бидејќи беше во минатата Влада. Јас ќе му кажам дека странските инвеститори се уплашени од тоа што се случило во вашето владеење. Да ве потсетам дека една милијарда дојде до Тајван и не се знае каде се затворија овие пари, во вилите во Флорида, или, да ве потсетам на Телеком. Се поставува прашањето каде отидоа тие пари. Токму тоа е пречката што ние сега треба да ги убедиме странските инвеститори дека во нашата земја треба да се инвестира, бидејќи овде работиме во таа насока, да владее правдата или законот, а не пазарењата кои се направија во минатото, кои може да им се случат на странските инвеститори за да инвестираат во Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика за господинот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине Алити вие овде јавно признавте пред цела македонска јавност дека ДУИ за време на владеењето не вработил ниту еден партиски кадар. Мислете му ја на изборите затоа што ДПА на тој начин ќе ве рпегази. Само заради тоа, за ништо друго. А зошто не доаѓаат странски инвеститори, јас да ви кажам, се плашат од вас, затоа што ако се плашеа од ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи асоцирате што ВМРО-ДПМНЕ некогаш бил на власт, не е таква ситуацијата. Гледајте го господинот Груевски, јас не гледам дека некаде го избркале од каде што оди.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Три минути реплика за пратеникот Ангелка Пеева-Лауренчиќ.

**Ангелка Пеева-Лауренчиќ:** Јас навистина не знам господине Караџоски зоштоо за некои добри иницијативи, врзани со зголемување на бројот на вработените, сакате да им дадете политичка конотација, да ги врзете во политички контекст со партиски рејтинзи, со вакви или онакви афери, а при тоа да не ја гледате суштината дека се работи за закон кој токму, како што споменавте народот бара реализација и оваа Влада работи во правец на реализација. Не мора на секој ваков закон и проект да фрлате магла во очи дека тоа се решенија пред избори, дека тоа се решенија кои ќе дадат инстант резултати и дека тие не се добри затоа што се предложени од некоја друга политичка структура. Сакам да ви кажам дека сте во лична заблуда, ако мислите дека ова парламентарно мнозинство не знае дека во Македонија тешко се живее и дека ова парламентарно мнозинство не знае дека има една категорија на граѓани кои се во расцеп на време и во расцеп на други работи и процеси кои се случија во овој период и кои навистина е тешко да се снајдат во новиот систем на функционирање. Ако само прифатите да им помогнеме, тогаш за овој закон би гласале позитивно, а не да го квалификувате како политички памфлет. Нема да влезам во вашата дискусија на политички и партиски рејтинзи затоа што на граѓаните им е сеедно дали вие ќе седнете на премиерската фотеља или некој друг, туку им е важно кој колку ќе сработи за нив, а тие добро знаат кој колку и што сработил за нив. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика пратеникот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Почитувана колешке ќе почнам онаму каде што завршивте. И те како им е важно на граѓаните кој ќе биде премиер. Бидете сигурни дека Стевчо Јакимовски нема да биде никогаш, не заради мене, заради граѓаните со таа популарност што ја имате како ЛДП.

**Слодобан Најдовски:** Не ви реплицираше Стевче Јакимовски.

**Жарко Караџоски:** Па министерот, како ЛДП.

Тоа што не сте сватиле и што не знаете, не сум јас крив што вие не знаете, но еве нема да ви објаснувам за пак да не знаете.

**Слободан Најдовски:** Има збор министерот за труд и социјална политика Стевче Јакимовски.

**Стевче Јакимовски:** Прво да ве потсетам дека во 2002 година некој се фалеше дека со четирите авиони што ги имал се боел против НАТО и ЕУ и оаа држава беше меѓународно изолирана.

Денес некој сосема неутрален и објективен потврди дека оваа држава успеала политички и безбедносно да се стабилизира, успеала економски да се стабилизира и успеала да изгради институции, да воспостави систем кој гарантира дека граѓаните ќе остваруваат соодветни права и дека тие институции можат да соодветствуваат во догледен рок, на европските. Значи не се тоа тие кои се базираат на дневна политика и на политичари кои не гледаат едно метро подалеку, туку тоа е ЕУ и САД и нивната потврда што работела оваа Влада, го потврдија минатата година на 17 декември, а една година пред тоа го потврдија и САД. Сега, дали народот ќе живее подобро, јас сум убеден дека Ќе живее подобро, доколку сите влади направиле толку колку што направила оваа Влада

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине министре, потврда што сте сработиле и што сте работеле, не дава САД и сите овие земји што ги кажавте, затоа што секој може да ве фали. Меѓутоа, вистинска потврда за тоа што сте сработиле се изборит5е во РМ а тие многу брзо ќе се случат и верувајте ми, катастрофално ќе изгубите, катастрофално, Тоа, господине министре ќе биде потврда дека апсолутно ништо не сте сработиле и џабе е сега овие теми што ги отварате, затоа што, бидете сигурни, никој не ви верува. Дали Македонија во ваше време била економски стабилна, сте направиле ова или она, тие прикаски чувајте ги за граѓаните кога ќе одите на избори, не овде во Собрание. Но, бидете сигурни нема да ви поверуваат на тие прикаски, затоа што со лаги одамна расчисти овој народ. Тоа е едната работа.

Аако сакате да дискутираме по однос на хеликоптерите и незнам што и кој бранел и што правел во оваа држава, тоа е голема и широка тема и подготвени сме да ја отвориме овде во Собрание и да ви кажеме како и што било, а не вака со реплика од две минути.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски три минути реплика за господинот Стаменков.

Се надевам дека ќе почниме за законот да зборуваме.

Повелете господине Стаменков.

**Ванчо Стаменков:** Благодарам потпретседателе,

Јас обично не реплицирам но сега морав едноставно да се јавам бидејќи министерот она што го зборува не е исто со таа ситуација што владее во Република Македонија и со она што го имаме како фамус.

Факт е дека во Република Македонија токму Министерствот9о за труд и социјала е она што селективно ги спроведува законите и според некои бизнисмени и луѓе кои вработуваат поголема бројка на работници, се однесуваат толерантно, а министерот ги знае по име и презиме кои се тие луѓе, фирми кои имаат по 200 и повеќе вработени, војануари месец, веќе на први февруари немаат ниту еден вработен и тоа се толерира од страна на Министерството за труд и социјална политика. Тие луѓе на тој начин ја оштетуваат државата по 200-300 илјади евра годишно.

Уште еден момент морам да спомнам, а тоа е дека истите тие лица, не само што ќе ја оштетат државата што нема да плаќаат придонеси, туку и по основ на технолошки вишок ќе земаат пари од државата. Ние мораме да ги кажеме тие работи, а нем набљудувач на сето тоа е токму Министерството за труд и социјална политика, преку нивните вработени лица кои се задолжени за таа работа. Тоа е така. Ние можеме да дискутираме само за она што се факти, а не да филозофираме тука, или да кажуваме дека многу сме добри или многу знаеме да работиме. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за министерот, господинот Стевче Јакимовски.

**Стевче Јакимовски:** Во Македонија има 45 илјади стопански субјекти и нормално јас не знам во секој стопански субјект што се случува. Ако почитуваниот пратеник конкретно има за одредени претпријатија, и стопанственици, слободно нека се обрати до Министерството и ние ќе превземеме мерики. Инаку мора да констатирам дека работата на Инспекторатот за труд за обемот на работата и бројот на откриените лица кои се непријавени, за 4 пати е зголемен и исто така за толку пати е зголемен и бројот на лицата кои се пријавуваат по основ на откривање од страна на Државниот инспекторат за труд. Тпкму од тие причини е предложен и овој закон кој покрај основната причина што со Законот за работни односи јасно беше кажано дека до 31.12. важноста на студенските и младинските задруги престанува да важи. Тоа е едната причина.

Втората причина е во делот на намалување на сивата економија и обврската на секој работодавач да плаќа придонеси за секој работник.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Ѓорѓи Оровчанец.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Не можам да се изначудам за некои работи, ама изгледа како врви времето, се почудни и почудни работи ќе имаме. Меѓутоа, една работа ме интересира а тоа е дали континуираната насмевка на лицето на министерот е одраз на неговата емотивна состојба, или континуиран грч на фацијалната мускулатура.

**Слободан Најдовски:** Господине Оровчанец, ве молам ќе ви го одземам зборот ако продолжите вака.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Си има проблеми околу мисловните сознанија затоа што тој беше сојузник и сега е сојузник со оние кои по планини напаѓаа на Република Македонија . Ние се браневме и ние потпишавме Рамковен договор со кој се реализира мирот во Република Македонија, а кој поддржувал и што поддржувал треба малку подобро да се преиспита.

Втора работа, овој закон е параван за "новите фабрики кои се спремаат во Република Македонија". Ова е пералница за пари за следните избори, најмување и плаќање на луѓе за одредени акции, дали ќе одат ваму или таму, меѓутоа нивно ангажирање и плаќање за изборите. Очигледно е дека овој закон ќе падне понатаму.

Интересно е што со овој закон и ова треба пред јавноста да биде излезено, се манипулира и од фер и демократски избори се оди до ситуација или принцип на купени избори што би биле ем пазарно ориентирани ем би биле фер и демократски. Е, тоа не е демократија.

И, ова е закон што сега, ама воопшто не требаше да се носи и на овој начин, затоа што ако останете на власт, први ќе го укинете овој закон.

Трето, мислам дека нивото што министерот овде го спушти е под секое ниво на министер. Ова не е начин на коминикација, ниту со јавноста ниту со пратениците, ниту со бранење на одредени ставови, со напаѓање дека некој рекол дека бил против НАТО и Европската унија. Е, па, кога ќе најде да ми го цитира и да ми го даде тој документ, јас ќе му поверувам за тоа, ќе му поверувам за тоа и за се што кажал. Во овој случај не му верувам ама баш ништо на министерот Јакимовски. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Оровчанец.

Една минута контра реплика министерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски.

Повелете господине Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Место да се бавиме со политичка реторика, господинот Оровчанец ако толку многу се интересирал за законот, сме можеле да седнеме претходно, бидејќи тоа одеше во комисиска расправа. Значи, ние не го сокривме овој закон и можевме сите прашања, особено од политички аспект, што еве кај него будат недоумица, да ги расчистиме и да укажеме на тоа дека едната причина е што со Законот за работни односи, таму јасно ставивме дека младинските задруги постојат до 31 декември, со важење, што значи дека имаме обврска да понудиме ново решение.

И, второ решение, сме понудиле решение, законско, во кое што сме ги направиле компаративните анализи како тоа функционира во другите евроспки земји и од тие причини имаме таков закон каков што сме предложиле. Што значи дека со овој закон се заокружува правната рамка и се исклучува било каква можност да во едно претпријатие има работник а да не се плаќаат за него придонеси и други обврски кон државата.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министер.

Продолжувме понатаму со расправата.

Се надевам дека ќе дискутираме за законот, следниот говорник е пратеникот Флоровски Александар.

Повелете господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Јас сакав многу работи, да не испадне така, ова се што ќе го говорам е во контекст на законот. Впрочем, секој закон има политичка заднина и, колку и да сакаме да избегнеме некои теми, нема да ги избегнеме.

Било нормално и во минатото време и денеска е нормално и да не се сфати министерот како зла крв. Значи, дискутираме за работи што се од општ и заеднички интерес за Република Македонија и тука ако си кажеме некој потежок зобор, нека не се земе за збор.

Значи, намерата е многу едноставна, многу чиста. Она што денеска ни го нудите, го нудите како можно решение за излез од сеопштата економска криза во која што се наоѓаме. Ние, како опозиција размислуваме поинаку. Нашите ставови овде јавно ги говориме. Не говориме само колку да излеземе и да плукаме по некого, го гледаме сето она што се однесува и до самиот закон и сето она што е инкорпорирано околу самиот закон. И овој политички дел да биде добронамерен.

Значи, не постои зла крв кај мене барем и мислам дека тоа треба да се цени и почитува. Најмалку ми е намерата некого да навредувам. Тоа да го расчистиме во старт. Да говориме со говорот на фактите и аргументите.

Но, слушајќи ве Вас како минисер, кој е предлагач на овој закон, составен од 21 член, каде што 21-от член кажува дека влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник, слушајќи ве Вас господине министре, имам и впечаток дека, доколку би го добиле следниот мандат, како политичка партија, која ќе партиципира утре во

власта, не само што ќе го снема вработувањето, туку дека ќе мора да увезуваме работна сила. Дали тоа ќе биде од Латинска Америка, дали од Централна Африка или некои, да не кажам Чаирски, позагулени места од нашево на кое се наоѓаме ние денеска, впечатокот е тој за кој што ви говорев. Мислам дека таква работа нема да се случи. Впрочем ќе се слушне гласот на народот на денот на изборите. Мислам дека сте пред крајот на вашето владеење и тоа треба да се прифати како една нормална работа. Ништо лошо, ништо страчно, освен што нема да бидете во овие фотелји и некоја друга политичка гарнитура ќе владее и ќе спроведува она што значи нивна политичка платформа во државата.

Околу партиските вработувања, многу кратко. Само нешто ќе нафрлам. Овде нека не сее некој магла, само една работа ќе ви кажам. Во ЈП за Аеродромски услуги, не се вие, не е СДС, не е ВРМО Народна партија или ВМРО ДПМНЕ. Се знае таму кој раководи, чиви кадри влегуваат. Без да спомнам политички партии. Затоа што вклучете го телевизорот, ако не секој ден, секој трет или четврти ден говорат за Аеродромот во Скопје. Кој таму се вработил, со какво образование и се кои се типови влегуваат таму, кои апсолутно немаа врска со она што им е дадено како обврска да го работат.

Дека Македонија политички и економски се стабилизирала откако дојде оваа власт, 2002 година, мислам дека е чист политички памфлет. Македонија, ниту политички, ниту економски, според сите можни параметри, не е стабилна. Тоа е за жал. Само пуст сон за сите нас, како матична држава на Македонскиот народ и желба наша што сакаме да се освтвари. Но, прашање е дали воопшто ќе се оствари. Би сакал да е така. Искрено ви кажувам дека би сакал да е така, еднаш Македонја да ја видиме цврсто на ноги и економски и политички, без, при тоа, некој нон-стоп да не уценува, да ни фризира кризи, Кондово, те не знам кои места. Тие работи стојат. Дај боже да е политички и економски стабилна, ќе имаме една релаксирана атмосфера и во државата и во овој Парламент и нема да си ги копаме очите едни со други.

Не знам од каде е идејата овој закон сега да се понуди. 5 јули се спомна како дата за новите избори. И септември да е. Зошто овој закон не заживее или не е донесен пред година дена? Јас точно не знам од кога сте министер, претпоставувам пред да дојдам јас во Парламентот, датата не ми е позната, но ваквите закони ме потсетуваат она оној Архимедов закон, додека Архимед се бањал, му текнало во моментот една идеја и таа ја преточил во Архимедов закон. Се надевам дека и вие како Министерство, господине Јакимовски не дојдовте на оваа идеја на сличен начин. Не додека се бањавте во када, може џакузи, може некој базен, не е ни битно.

Ако сметате дека оваа работа, овој закон што го носиме по скратена постапка, иначе е логично да биде, за тоа што е битен, да се носи барем во две фази, да го донесеме на време и ако се резултатите вакви, какви што ги кажа и госпогица Грковска дека во Унгарија дал фантастични резултати. Годишно 35% зголемување. Значи, 4 години помножено со 35% имате 120% и нешто, вработување и во Унгарија недостаток на работна сила, што не е така. Затоа што состојбите во Унгарија многу ми се добро познати. Мислам дека аплсолутно не држеше она што госпогицата Грковска го кажуваше.

Во Македонија имаме за жал 359.000 невработени. И, господине Јакимовски, ова е една страшна ситуација. Тешко и на таа следна влада што ќе дојде овде, ќе има Сизифовски маги да направи нешто. Навистина е тешко. Тоа мора да се признае. Бројката беше некаде околу 400.000, но овие параметри колку се точни, објевени се вчера - завчера на една од нацијоналните телевизии, наводно национални, тие кои зрачат низ цела Македонија, тоа е една национална, Македонската, дека во Македонија, според вашите податоци, на вашето Министерство има 359.000 невработени. Тој податок колку е точен, не навлегувам. Но, се плашам дека во дел од овие, наводно невработени, не се и оние избришените од Заводот за вработување, каков што во еден период бев и јас. Најверојатно некоја слична судбина ќе доживеам и после година дена од апанажата, но Господ е голем, секогаш велиме, ше се најде нешто. Нема да умреме за леб.

И, се враќам на она славното, велиме политички да не говориме. Никако не може да се одмине една работа. Вие можеби активно не учествувавте во таа кампања, но лидерот на тогашната опозициона партија, денеска Претседател на државата, велеше - по еден вработен од семејство. Апсолутно, од тоа нема ништо. Тоа е повеќе факт. Сметам дека со овој закон и покрај сите заложби и покрај сите добри волји, верувам дека постои добра волја кај сите нас, мислам дека многу малку ќе се направи. Имавме Бранков закон I, па II, па не знам што уште се правеше, оваа Агенција за привремено вработување е пандан на младинската задруга. Така јас разбирам. Таа се брише како име, како флоскула, се даваат некои поголеми надлежности, но во практика, дали навистина ова може да заживее, не можам да кажам, имајќи го предвид нашиот колективен ментален склоп. Говороам за македонскиот. Прашање е ако некој има 30.000 марки, дали би влегол во една ваква авантура? Сигурно тие пари може на побрз начин и поедноставен да ги оплоди и да земе повеќе пари.

Три ипол години се чекаше. . .

Министре, ајде да се сослушаме, до 14,00 часот ќе завршам, нема да ви одземам многу време, сепак последниот збор е ваш. Вие сте министерот.

Прво, сметам дека законот, носењето во овој момент е од чисто политички карактер. Тоа е мое видување. Или, некој немал слух во вашата

Влада на време да го донесете. Дали имате партиски разлики по некои прашања? Нормално и тоа да постои во таа Влада. Нормално да има и проблеми во самата Влада и да не мислиме сите исто. Или, некој сметал, во истата таа Влада во која седите, дека овој закон фактички нема да вроди со плод и ќе биде непродуктивен.

Го носите два месеци пред изборите, три или четири, а следнава Влада што ќе дојде претпоставувам дека веднаш ќе го збрише, ќе го анулира, ако некој во меѓувреме не го даде на Уставен суд, да се бара уставност на оваа работа. И, не знам веќе Уставниот суд какви одлуки носи, Господ да ни ги поживее и тие се за машала, ептен.

Не верува дека овој закон ќе донесе нешто позитивно во државата, во функција на вработување, во функција на бришење на тие 359.000 невработени што ги ставам под збак на прашање и мој сомнеж е дека бројката е таа. Плус бројката на оние кои се избришани од евиденцијата.

Решението за проблемот што нас не мачи, еве можеби не од 1990 година, но од првата политичка Влада, од 1994 година кога почна од она, Република Македонија на економски план, па делуно и на политички, беше проблемот што никој темелно не се замисли за иднината на оваа држава. Немаме странски инвестиции а штом се нема странски инвестиции се нема пари. Без пари не се отвораат нови работни места. Тоа е факт.

Ако ова е решението, дел, барем ако не повеќе, баем десетина проценти од решението, еве, јас веднаш ќе ви дадам согласност дека ќе гласам. Но, Вие, со ова што ни го нудите, Вие не нудите од вработување, нудите отворање на нови работни места. Се прашувам за што ќе служат овие агенции за привремено вработување? Дали како маркетиншки потег, како дух на добра волја на Владата пред претстојните избори, дали ќе служи, јас ги нафрлам како прашања, за перење на пари во функција на предизборните кампањи. Ќе требаат многу пари. Да се платат активисти, лапачки, пијачки, горива. Сега говориме отворено без при тоа да постои зла крв меѓу нас. Мое е да посочам некои сомнежи. Вие сте тој кој ќе кажете дека не е така. Да не се лутиме едни на други. Битна е добрата волја што постои, да помогнеме.

Законот е едноставен. Точно, има 21 член, од кои 20 се активни а 21 неактивен. Но, никако немам впечаток дека нешто ќе се направи за доброто на овој народ. Веќе да не ги гледаме луѓето како буричкаат по контејнери и по канти. Тоа стана секојдневна глетка во државата. Една страшна работа.

Немаме отворање нови работни места, ги немаме странските инвеститори, освен во случајот во кој што вие не сте инволвирани, беше министер за економија оној малион, не ми текнува, не е ни битен, каде што дел од Електростопанство на Македонија е продадено со 225 милиони, говори дека ќе вложат во следните три години 96 милиони, а при тоа имаат побарување од 150 милиони. Кога ќе направите многу проста математика ќе видите дека Дистрибуција е продадена за многу малку пари. Ако некој се сомнева дека австријанците нема да ги наплатат, многу згрешиле. Ако ние не сме можеле, тие ќе можат. Само ќе ги исклучат, па после трчај пред Електростопанство, да го платиш.

Второ, или трето дека овој закон тешко ќе најде своја примена, го донесовме Законот за работни односи. . .

Чекај, нека направат муабе. Многу ми е лошо чувството додека овде зборувам јас, некој да си прави муабет. Не е ферски.

**Слободан Најдовски:** Сигурно разговараат, забележуваат за она што вие дискутирате господине Флоровски.

**Алексксандар Флоровски:** Ние, пратениците, ако меѓу себе си се расправаме. Тоа е друго. Вие имате едно пивисоко ниво, министер и заменик министер. Дајте малку должно почитување.

Донесовме закон за работни односи. Треба да слушнеме сега од вас, тој Закон за работни односи дали навистина заживеал? Дали во практика го спроведуваат? Дали постои злоупотреба на тој закон или не постои?

Поминете низ Источна Македонија, каде што беше сточерот на македонската текстилна индустрија, каде што се нудеше и квалитет, имаше и квантитет, имаше се, говорам за бившојугослоенските простори, тие претпријатија денеска се во рацете на приватници. За жал, ние можеби треба да го платиме цехот на капиталилзмот, што за некого е прифатливо, а за некого не е прифатливо. Не е прифатливо за оној кој дневно диринчи по 12-14 часови. При тоа работодавачите, подобро кажано газдите, многу не водат есап за Законот што го донесе овој Парламент. Не верувам ниту дека го прочитале, ниту дека ги интересира.

За платите да не говориме. Тие се минимални. Нашиот работник се најде, и тој кој работи, во една катастрофално лоша положба. За тоа и спомав кога еден таков закон, верувам дека и контролите што ги испраќате некаде вродуваат со плод, некаде не вродуваат, вродуваат со плод онаму каде нема кој да подмачка, па ќе влезе, па ќе го истресат. Тој кој ќе подмачка се е во ред, работи по Законот што го донесовме. Тоа е веќе една видена работа, слушната.

Прашањето е што во таа насока ние ќе направиме. Во контекст на самиот закон. Сакаме само да посочам на многу работи што ги носевме овде, конкретно зборувам за законот што беше овде, што беше предложен од вас како министер, сите го поддржавме, го донесовме, тој во практика многу и не заживеа.

Ќе ме прашате за примери. Претпоставувам дека постојат, но не сум полицаец да трчам и да испитувам. Тоа го прават вашите инспекциски служби. Затоа спомнав дека некаде вроди со плод а некаде не, од веќе познати и видени причини. Тоа е една страшна работа. Правдата

има повеќе аршини. Зависи кој е целта, кој е целната група. Ако е наш, нема проблем, но ако е од овие, арамииве од ВМРО има проблем, дајте да му ја сечеме главата. Ако може и фирмата да му ја уништиме.

Така не се гради држава, хармонија, така не се гради ниту политичка ниту економска стабилност. Значи проблемот да го бараме внатре во нашите колективни и ментални чипови кои ги носиме. Се надевам дека таа идна влада која утре ќе дојде, нема да поаѓа од дневно партиски интереси и вистински ќе има намера да направи нешто државата. Ако е по народната: "Сјаши Курто, да одјаши Мурто" ништо не сме направиле. Ако е намерата само овде да се насликаат некои други министри, а притоа, народот повторно да пати, да го гледаме филмот наназад десетина и повеќе години, освен еден предлог кога дојде ВМРО-ДПМНЕ, каде што вистински заживеа економијата. И било кој граѓанин да го прашате од 1998 година до 2002, имавме бегалска криза, војна не фати, некој ни ја наметна. Кај да седевте, пара се вртеше по некој денар. Денеска нема. Денеска буквално, ништо нема. Тоа се факти за кои можеме да полемизираме колку што сакате. Можам и да аргументирам многу работи. Но еве, се случи да имаме несреќа во нашето владеење, се случија некои глупости и тоа е факт. Еве јас сум човек кој ги говореше и порано работите. Претпоставувам дека утре кога ќе одите некој ќе буричка и по вашето работење, па ќе се налета на многу луѓе кои работеле незаконски, но ќе си ги бркат тие работи стручните лица кои со тоа работат. Но се надевам на една работа. Дека во тоа бркање ако може да се каже на вештици, како што го прави СДСМ, ќе нема намерно фингирани процеси. Се надевам дека ќе се тргнува од она што значи право во Република Македонија, иако минатиот период додека беше премиер Костов и Црвенковски се изнагледавме и се изнаслушавме толку гнасотии, што не сакам овде да ги повторувам. Се надевам дека таа идна влада, тој иден премиер ќе има малку кликер да се концентрира на економијата, а не да бара политичка освета и така натаму. Оној што директно се судрил со законот, тој ќе може и да одговара. Бидејќи овдека додека некои ваши говореа, некои велеа дека нашите министри биле арамии. Тие што биле арамии ќе одговараат. Тие што не биле арамии ќе ги ослободи судот. Тоа го говореше и господинот Гошев: "Дрште ги арамиите".

**Слободан Најдовски:** Можете сега да минете на Законот господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Се е во функција на законот ова. Да почнам со членовите ли сакате? Јас ова сето го говорев господине потпретседателе во една функција. Можеби сето ова е океј. Се е издржано. Еве стои Европа, дека е пропишано според конвенции, затао не се тревожи многу жити здравје, почнуваш ганги да ми одиш. Значи, смири ги малку живците. Значи, појдовна основа е Конвенцијата за меѓународна организација на трудот за приватната агенција, посредување, какво е искуството со членки на Европската унија и така натаму, па терминологијата преземање на работник од еден, од друг. Знаете ли како глупо звучи. Најдете посоодветен терминолошки збор. Тоа е како еден макро да препушта на друг макро некоја згодна женска, затоа што носела повеќе пари. И тој ќе плати одреден процент. Многу лошо звучи препуштање, трговија со работници. Имам чувство дека се наоѓам во Америка пред граѓанската војна 1861 година. Минстре слушате ли? Значи терминолошки мора да си ставите. За Законот можам да зборувам потпретседателе до 15,00 часот ако сакам. Имам и желба и волја, но ќе зборувам до 14,00 часот. Терминолошки лошо е. Тоа е колку да тргувате со живи луѓе. Тоа е како трговија на луѓе во Занзибар, кога трговците на робови од Занзибар ги носеа во Северна и во Јужна Америка. Најдете некој посоодветен збор. Нешто што нема да удира во очи. Мене веднаш првиот впечаток ми е тој. Терминолошки е катастрофа. Превземање, давање, до година дена, отворање агенции за 250 вработувања 30.000 евра, јас кажав. Ако ги имам тие пари во кеш, јас никогаш не би го направил ова, туку би ги оплодил на подруг начин, на многу попаметен начин. Вака да се врзам со закон, затоа што јас ќе морам да се држам за ова што е напишано овде, ако сакам регуларно да работам. Ако не ми се затвора фирмата, можам да заглавам и во Идризово. Не сум будала да заглавам во Идризово, притоа давајќи сопствени пари , а некој да ми ги заплени претставени од Владата и да завршам во Бајбук, онаму каде што никој не сака да заврши.

Значи, сакам да ви го кажам следното. Тука и ќе завршам, бидејќи време е за ручек иако е со 20 члена законот, битен е, ако сметате дека ќе вроди со плод, повлечете го, дајте нека оди уште една фаза. Нека оди во две фази. Не дошол "нож до коска". Сте терале три ипол години, можеби и повеќе. Јас сум година дена во овој Парламент. Дајте некое посолидно решение. Нешто што во практиката ќе има примена. Ние носиме решенија кои некои утре веднаш ги менува. Донесовме и во Законот за вработување до 7 дена плаќа фирмата. Еве сега гледам дека повторно до 14 дена плаќа. Ни се случуваат многу чудни работи. Носиме закони, а после три месеца нешто менуваме. Не е само во вашиот ресор, општо говорам, како Влада. А вие сте дел од Владата. Тоа е тимот. Јас говорам за една политика која е коегзистентна, која тече, а вие имате една заедничка политика како Влада. Не можете вие како сегмент да се одделите од таа Влада, или сам за себе да претставувате министер или Министерство. Вие сте дел од таа Влада и вие одите по насоките кои го добивате и ги договарате на самата Влада. Во тој контекс говорам.

Значи, сметам дека треба да го повлечете, да се најде поадекватно решение, да го разгледаат и поумни глави од нас, за да утре некој, дали тоа ќе биде Уставен суд, дали ќе биде некоја нова

влада, да не ви го туркаат и да не го губиме времето јабана овде, цел ден да зборуваме, а фактички, во практиката ништо да нема од оваа работа. Тука би завршил, зашто е време за ручек. Благодарам потпретседателе, ако излеговував во некој моменти од темата, но тоа е тоа и во законите постои политика и мораме да дадеме и по некои наши политички видување. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Објавувам пауза до 15,00 часот. Продолжуваме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот).

**Љупчо Јордановски:** продолжуваме со работа.

Господине Јашари, имате збор.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине претседател.

На почетокот сакам да нагласам дека јас и парламентарната група на ДУИ ќе го пдоржиме овој Предлог закон од причина што цениме дека станува збор за закон кој има добра намера за реализација на едно посредување на привремени вработувања и, од друга страна, реализација или посредување во трансферот во текот на определено вработување од еден до друг работодавач. Во оваа насока, се сака да се уреди еден однос кој постои во текот на привремените вработувања, иако сите знаеме дека овие прашања претходно биле вршени или реализирани од страна на младински задруги. Сепак, од друга страна, имајќи го предвид фактот дека пред извесно време го донесовме Законот за работни односи, каде со една законска одредба инкорпорирана во овој закон се предвидуваше можноста за прашањето за посредување за привремени вработувања да може да се реализира преку институции од таков карактер и тоа не тера да гласаме за овој закон или за овој Предлог на закон.

Причината зошто се јавувам за збор е една дилема што се јавува кај мене и што е во врска со следното.

До колку се анализира внимателно членот 5, истовремено во контекст на ова и членот 9, каде се говори за начинот на основање на агенцијата за привремени вработувања, за начинот на нејзиноосновање и кој може да биде основач, како и издавањето лиценца за основање така како што се предвидува во членот 9, јас лично дојдов до една коснтатација дека во ниту еден дел, во ниту една одредба на овој закон на детален или директен начин не е определен статусот на привремената агенција или правниот статус на привремената агенција. Токму оваа проценка ме натера да земам збор и да ја поставам оваа теза или дилема која се јавува кај мене. Факт е дека така како што се предвидува во членот 5, станува збор за начинот на основање, но сепак, уште еднаш ќе нагласам дека правниот статус или уписот преку кој се определува правниот статус во ниту една одредба не се нагласува. Реков претходно дека во членот 9 се говори за лиценцата, меѓутоа, сепак се говори за лиценца за основање привремена агенција или за начинот на издавање на лиценцата за основање. Така како што е предвидено во членот 9 вос тавот 7, каде меѓу другото надлежно за издавање лиценца за основање се предвидува да биде соодветното минситерство, односно Министерството за труд и социјална политика. Ќе нагласам уште еднаш, според мене, се говори за посредување или агенција за посредување и моја проценка е дека сепак, и овие дејности, и овие работи би било добро да се вршат од страна на лица или определени субјекти чиј статус може да се добие само преку упис или регистрација. Тоа е една дилема што се јавув акај мене, не мора да значи дека е точна, меѓутоа, јас ја поставувам оваа дилема за да поттикнам интерес кај предлагачите или кај министерот за труд и социјална политика. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Бонева, повелете, имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседател.

Сосема накратко ќе се обидам да го кажам моето видување за овој Предлог на закон за агенцијата за привремени вработувања. Како што беше кажано, овој закон треба да биде еден вид замена на Законот за младински задруги, со кој се вработуваа најголем дел од младите и студентите во претходниот период и сега откако престанува да важи тој Закон, овој Предлог на закон за агенциите за привремени вработувања треба да биде соодветна замене. Целта треба да биде вработување до една година на невработени лица и по мое мислење на студенти.

Од законскиот текст се гледа дека се работи само за вработувања внатре во државата, а не се регулирани вработувањата кои можат да бидат и надвор од државата до една година преку ваквата агенција.

Исто така, во најголем дел од законот, според содржината на законскиот текст, не се зборува за вработување на невработени, туку за оние кои се вработени и кои се отстапуваат на друг работодвач корисник. Ваквата содржина на законскиот текст ме упатува само на едно размислување кој би бил резултатот од ваквиот законски текст, до колку биде усвоен на денешната седница. Мислам дека единствениот резултат и единствввената цел која во моментот сака да ја постигне парламентарното мнозинство, односно Владата преку Министерството за труд и социјална политика е легализирањето на сите договори на дело, кои беа вклучени во претходниот период и на договорите за дело кои се склучуваат забрзано овие денови, со една единствена цел, барем малку да се смири незадоволството внатре во партиските редови на коалицијата на власт, на сите нивни партиски активисти кои што очекуваа после септември исто така вработување по еден од семејството, меѓутоа, и тие не добија вработувања, а камо ли сите граѓани во државата по еден од семејството

и токму на овој начин се сака да се смири незадоволството и револтот најпрво кај партиските активисти, на кои сега гледаме забрзано им се даваат вакви договори за дело, значи се ставаат во минситерствата, а сведоци сме сите и сите знаеме, најпрво онаму каде што најмалку треба да има договори на дело бидејки треба да се почитува законот имаме најголем број вработени. Ќе тргнам од Министерството за здравство, повеќе од 56 вработени со договор на дело, да не зборуваме за другите минситерства, за управите, за другите јавни претпријатија. Значи, на тој начин се прави само легализација на постојните вработени со договор на дело. Затоа и вака е срочен законскиот текст, од него воопшто не се гледа дека целта ќе биде вработување на невработените студенти и невработените, туку отстапување на вработените.

Ако сакаме вистински да имаме предлог на закон со кој ќе го постигнеме тоа да има флексибилност на пазарот на трудот, да има некој механизам преку кој најлесно ќе може да се одвива, ќе стигаат работниците онаму каде што имапотреба, а тоа се агенциите за привремени вработувања како искуство од западно-европските земји, мислам дека многу сериозно Владата треба уште еднаш да размисли да го врати на доработка овој законски текст, да го сообрази со реалноста во Република Македонија и со целта која треба да се постигне со овој закон, а тоа е вработување до една година на невработените и студентите.

Од тие причини, јас нема да го пдоржам, ниту пратеничката група на која припаѓам, законскиот текст онаков каков што е даден. Може да гласаме само за потребат аод донесување на ваков закон, но не и за потврдување на ваквиот текст на законот.

Значи наше барање е законот да биде разгледуван во две фази и да може многу сериозно да се направи обработка на целиот законски текст. Од тие причинии не дадовме амандмани бидејќи сметаме дека целта која што треба да се псотигне со законот е промашена со овој закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има збор министерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски, повелете.

**Стевчо Јакимовски:** Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Пред вас е Предлогот за донесување на закон за агенциите за привремени вработувања, со Предлог на закон и една од основните причини за предлагањето на овој закон е што со Законот за работни односи, кој што беше донесен во август или крајот на јули минатата година, се презема обврска дека важењето на младинските задруги останува до 31.12.2005 година. Тоа е првата причина зошто ние треба да донесеме нов закон во кој ќе ги уредиме овие односи.

Втората причина за предалгање на законот е прашањето на плаќањето на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување, како и на здравственото осигурување на сите оние лица кои работат во зоната на сивата економија, без разлика дали тие работат по договор на дело, значи не само во владини институции, туку и претпријатија во голем дел вработувањата на своите работници ги прават по договор на дело, сметајки дека барем на некаков начин запазиле некоја законска норма, со тоа што плаќаат персонален данок.

Овој закон нема никаква врска ниту со политиката, нема никаква врска ниту со изборите од едноставна причина. Имено, овој закон го работевме од септември до ноември минатата година и прв пат овој закон е разгледуван на седница на Економско-социјалниот совет на 23.11.2005 година, што значи не е подготвуван непосредно сега пред избори. Од страна на Економско-социјалниот совет немаше забелешки на овој закон и истиот годоставивме до експертите од КАРДС Програмата од Светската банка, значи ги прифативме сугестиите што тие ги имаа и исто така обавивме разговори со сопствениците на младинските задруги. Тие ги дадоа своите сугестии и мислења.

Нивна сугестија беше кај делот на лиценците и количината на средствата потребни за добивање лиценца, да има само една лиценца, а дури некои инсистираа да има што е можно повисока количина на пари кои ќе бидат потребни како банкарска гаранција. Ние проценивме дека тоа не е добро, дека на таков начин само на неколку агенции ќе овозможиме монополско однесување во овој дел. Сакаавме да има поширок круг на младински задруги, да се приклучат, имајки предвид дека младинските задруги што се наоѓаат во внатрешноста на Републиката и од тие причини направивме неколку типа на лиценци, и тоа лиценца В, Б и А. Со В лиценца е потребно 10 илјади евра, Б е со 20 илјади евра и А со 30 илјади евра, а во законското решение ставивме дека од ова ќе се наплатуваат евентуално придонесите, односно неплатените придонеси, за да немаме ситуации во кои овие агенции ќе земаат пари за работниците што ќе работат во одредени претпријатија, а потоа нема да можат да ги исплатат платите или придонесите за пензиско и инвалидско осигурување. Јасно е дека е неопходно дека можеме да ги обезбедиме сите средства, и побарувањата по основ на плата и други додатоци на плата, меѓутоа, во тој случај треба да бараме многу високи банкарски гаранции што овие агенции на овој тип на развој не се во состојба да обезбедат толку високи гаранции. Затоа, дадовме едно приодно решение, а во наредниот временски период критериумот за лиценците веројатно треба да се подига за да може да се обезбедуваат комплетно и во останатиот дел правата што ги имаат работниците, работни надоместоци плата од работен однос.

При ова сметаме дека со Законот за работни односи го уредивме прашањето на повременото,

сезонското вработување, значи повременото вработување до 4 години, а овде е до една година, младинските задруги имаа забелешка и бараа да биде исто како во Законот за работни односи, да биде до 4 години. Ние сметаме дека повремена работа може да биде до една година, а она другото е регулирано со Законот за работни односи. Значи едната забелешка им беше на лиценцата, а втората забелешка им беше во овој дел што сега го спомнав.

Третата забелешка им беше да можат и правни лица да основаат агенции за вработување, но ние сметавме дека нема да биде добро затоа што големите претпријатија ќе основаат пак агенции за вработување и ќе се изгуби смислата, особено посилните претпријатија голем дел од вработените ќе ги вработуваат преку вакви агенции кои самите ќе си ги формираат.

Тоа беа нивните три основни забелешки. Сето останато сме го усогласиле и со експертите на Светска банка, сме го усогласиле и на Економско-социјален совет, па сметаме дека заедно со другиот закон што го предлагаме, а ќе видите дека во процедура се измени и дополнувања на Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Сакаме сите три закони да дојдат во пакет.

Значи основната новина во овој закон е што за лицата кои ќе работат на повремени вработувања, било да се работи за замена на отсутен работник, било да се работи за сезонска работа, било да се работи за зголемен обем на работа, било да се работи за работа на проект или пак ако се работи на некои специфични неконтинуирани работи, за секој работник мора да се плаќа придонес за пензиско и инвалидско и здравствено осигурување, персонален данок и осигурување во случај на невработеност. Тоа ни е голем проблем во државата. Ние не смееме да ги затвораме очите пред фактите дека секојдневно имаме поплаки од лица кои работат со договори на дело или работат на црно кај работодавачи кои потоа остануваат без соодветна социјална и здравствена заштита. Со Законот за работни односи ние ја уредивме повремената работа до 4 години, значи на секој месец ако сака работодавачот може да го пријавува работникот. Го уредивме прашањето на прекувремената работа, го уредивме прашањето за работа кај друг работодавач, со тоа што со два или четири часа може работник да склучи договор кај еден, два или повеќе работодавачи. И третото прашање, го уредивме исто така прашањето на волонтерската работа, на обавување на праксата. Сега со уредувањето на ова прашање на ваков начин практично нема ниту една причина зошто работник во претпријатие би бил непријавен. Во наредниот временски период ќе дојдат измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, го уредуваме и прашањето на работа на пензионерите, што значи ниту едно лице во претпријатие нема било каков правен основ да не му се плаќаат придонеси, односно да нема склучено договор за работа, дали тоа работи повремено, дали работи во друга работна организација, дали обавува волонтерска пракса илипак е земен повремено да извршува некои работни задачи. Значи по ниеден основ, односно ја стеснуваме правната рамка за лицата кои во голема мера работат на црно.

Втората многу битна работа е, со нови законски измени исто така Управата за приходи, кога ќе оди во контрола кај претпријатието кое исплаќа по донесувањето на овој закон лица само со персонален данок, односно кое што исплаќа со договори за дело, автоматски ќе ги задолжуваат и со придонесите за пензиско и инвалидско и здравствено осигурување, што значи секоја таква исплата, без разлика дали тоа е констатирано од Државниот инспекторат за труд, потоа Управата за јавни приходи ќе ги задолжува да мора да им ги платат сите придонеси на овие лица. Јас мислам дека сите ние ќе се согласиме дека ова е едно решение кое апсолутно е во интерес на сите оние лица кои што работат со договор на дело, кои што работат на црно или кои работат кај работодавачи кои или не сакаат или не се во состојба овие лица да ги осигураат.

Сакам да кажам дека нема потреба овој закон да оди во две фази, затоа што не се работи за обемен закон, решенијата се многу едноставни, консултирана е практика и во другите земји, што значи обавувавме консултации и со експерти од Европската унија, тие беа во посета на Министерството за труд и социјална политика, што значи сите овие дилеми ги имаме максимално расчистено. На пример, беше поставено прашањето од еден пратеник зошто се става дека основачот може да биде најмалку со средно училиште. Во Законот за трговски друштва немаме ставено дека лицето треба да биде со факултет. Јасно е основачот што треба да има, минимум средно образование, а друго прашање е одговорното лице во претпријатието. Тоа се две различни работи. Значи ние правиме една паралела и со Законот за трговски друштва, ако во трговско друштво може лицето да биде со средно школо, нема зошто и во ова решение да биде - и една од забелешките на младинските задруги беше, бидјеки постоеше дилема дали да ставиме лице со високо образование или не, тие исто така инсистираа да остане со средно училиште.

Понатаму, прашањето зошто само физичките лица стојат, а ви кажавме, во тој случај тоа би отворило врата за злоупотреба на поголемите правни и трговски лица.

Понатаму, членот 6, прашањето за приоритетот при наплатата, имаше дилеми кој е тој што ќе го достави до Министерството за труд и социјална политика записникот, во членот 6, ставот 7 јасно стои дека банкарската гаранција во цел износ или делумно се активира по доставување на известување до банката која ја издала банкарската гаранција од страна на Министерството надлежно за работите на трудот, кое известувањето го доставува по претходно

добиено известување и записник од инспекцијата на трудот.

Значи, Трудовата инспекција го доставува записникот до Министерството за труд и социјална политика кое е надлежно да ја активира оваа банкарска гаранција.

Имаше прашање какви треба да бидат односите помеѓу оваа агенција и постоечката Државна агенција за вработување, значи, таа не е облигаторна, меѓутоа, тие веројатно ќе мора да кореспондираат, без разлика дали се зема лице од евиденцијата, може некогаш да се бараат лица од евиденцијата, а и сега во Агенцијата за вработување може да заснова работен однос лице кое е исто така надвор од евиденцијата. Значи, и од евиденција и надвор од евиденцијата на Агенцијата за вработување.

Прашањето дали е работникот вработен или невработен. До сега младинските задруги, значи лицата кои беа зачленети во младинските задруги беа упатени кај работодавач кој работодавач исплатата на надоместокот заедно со персоналниот данок и провизијата за младинската задруга се префрлаа на сметка на младинската задруга и тие го плаќаа персоналниот данок и ја задржуваа провизијата за себе и други обврски што ги имаа согласно законските прописи по Законот за сметководство, Законот за финансиското работење, Законот за даноци и персонален данок.

Овде нема никаква дилема, овие лица се вработени во Агенцијата за привремени вработувања. Тоа лице се упатува на работа кај одреден работодавач или одредено претпријатие со тоа што платата и работниот однос му е заснован токму во Агенцијата и од тие причини овие банкарски гаранции со кои ние гледаме него да го осигураме во делот ако не му бидат платени придонесите. Тука нема дилема дали лицето е вработено или невработено. Се работи за лица кои се невработени, без оглед дали тие се наоѓаат на евиденција или вон евиденцијата во Агенцијата за вработување.

Исто така прашањето на членот 9, господинот Јашари имаше одредени забелешки, сите тие се допрецизирани со амандманот што го прифативме од Законодавно-правната комисија, значи прашањето околу регистрацијата. Овие агенции се регистрираат во Централниот регистер, меѓутоа, лиценците ги добиваат од Министерството за труд и социјална политика и сите останати прашања. Значи, ние со Законодавно-првната комисија сите забелешки што ги имаше кои беа во насока на подобрување на текстот, апсолутно ги прифативме.

Прашањето како заживеал Законот за работни односи. Законот за работни односи заживеа и токму во делот на кој се алудира околу мерачите на време, затоа има реакции од страна на работодавачите, поготово во делот на трудоинтензивните гранки каде таму каде се поставени мерачите има сериозен проблем да се злоупотребува работното време затоа што тоа се евидентира и затоа што тие имаат обврска заедно со платата да доставаат листа во која се евидентира работното време на работникот што го поминал на работа.

Ние, сеуште, како Министерство не сме направиле многу силна пресија, оствивме еден период за да можат претпријатијата да ги набават овие мерачи, голем дел имаат технички проблеми затоа што претпријатијата кои ги продаваат не беа доволно подготвени за да имаат доволен број на вакви мерачи, меѓутоа, ситуацијата секојдневно се подобрува што значи дека Законот во тој дел максимално функционира.

Прашањето на упатување во странство, со ваквите агенции не можеме да воспоставиме контрола и прашањето на упатување во странство понатаму може да го врши Државната агенција за вработување.

Исто така сакам да кажам дека и постојните агенции за вработување што ги имаме, со овој закон не ги укинуваме, но разликата кај тие агенции е што овие лица кои се упатуваат на работа не се вработени кај нив, туку тие им наоѓаат работа, се вработуваат во претпријатија, а за тоа добиваат еднократна награда. За разлика од ова што лицето во оваа агенција ќе биде кај неа на работа и секој месец како се префрлува платата така и тие ќе остваруваат одредена провизија.

Што се однесува до прашњето на студентите, прашањето треба да се уреди со Законот заученички стандард и Законот за високото образование, што не е предмет на уредување на овој закон.

Еве, од прилика се обидов на сите оние забелешки и дилеми кои евентуално ги имаше во овој дел, да ги расчистиме и да дадам објаснување како и на кој начин го подготвувавме овој закон.

Уште еднаш би замолил за разбирање, дека апсолутно законот нема никаква врска ниту со избори ниту со политика, туку е закон кој ние го подготвувавме минатата година од септември, веднаш по доаѓањето од одморите, преземајќи обврска која сме ја презеле со Законот за работни односи. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Мавровски имате реплика?

Повелете три минути.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитуван министре, мислам дека некои работи се обидовте да објасните и разјасните, но уште на старт требаше да го направите ова, да го образложите законот затоа што и сега остануваат многу работи нејасни.

Вие кажувате дека преку Државната агенција за вработување дека таа ќе добие еднократна помош и ќе обезбеди вработувања на некои, што го кажавте сега последно, можеме да го видиме и стенограмот, а за разлика од нив овие агенции

кои ќе вработуваат привремено, ќе имаат процент кој цело време ќе треба да го добиваат.

Е, сега, на берзата на трудот во овој момент се наоѓаат 358 илјади, но не знам, можеби последната недела сте вработиле 20 илјади луѓе или 400 илјади, колку и да се, тоа е берза на трудот и тука со Законот што вие го донесовте каде има можност за времено вработување до четири години, јас не знам кој е тој што ќе си земе за право да побара од некој што треба секој месец да му плаќа тој да биде одговорен за некој вработен, а овој истиот да не побара од берзата на трудот во секое време некој нов вработен кој ќе го вработи на еден месец, на два месеци, на 40 дена, затоа што со Законот ја има таа можност.

Апсолутно некоректно, затоа што испаѓа разликата дека оваа агенција ќе вработува до една година, а другата агенција ќе вработува до четири години. Што е разликата? Нема никаква разлика, освен ова што го кажавте, еднократна помош и некој што секој месец ќе добива надомест за тоа што некој му обезбедил да работи три или четири месеци. Повторно се дефокусираме од она главното, кој треба да плати? Агенцијата? Повторно државата ќе си ги добие средствата кои се должат за пензиско и инвалидско осигурување, а од друга страна вработениот може да остане повторно без ништо. Значи, и тука не го решаваме проблемот.

Во однос на она што го кажавте за мерачите на времето, јас не знам кои се вашите информации, но моите информации говорат на неколку трибини со луѓе кои работат дека трета смена едноставно вработените работат без картички, заклучени, стражарска служба која никој нема да пушти во фирмата, а тие работат трета смена. Таа трета смена вие не можете да ја евидентирате никаде, нема да ви биде дадена ни на листите, а нема да им биде платено и на вработените. Остануваат тие средства од 4-5 илјади денари кои некој ги добива.

Ако е тоа работата, мислам дека не го решивме проблемот...

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски поминаа вашите три минути.

Една минута госпидине министре контра реплика.

**Стевчо Јакимовски:** Би замолил да се разбереме, многу кратко.

Постојат три субјекти и тоа Државната агенција за посредување при вработување, постојат приватни агенции за посредување при вработување и постои оваа агенција  значи Агенција за привремени вработувања.

Значи, тоа се три субјекти во овој дел. Да не ги мешате.

Првата агенција-Државната, таа ниту наплатува, врши евиденција и упатува на работа.

Вторите, приватните агенции, слушавте и на телевизија што се случуваше, тие упатуваат на работа и работникот се вработува кај тие работодавачи и тие земаат еднократна надокнада. Ова се друг тип на агенции,  практично трансформација на младинските задруги, тоа е разликата.

Следното прашање, оние кои не сакаат да го почитуваат Законот по прашањето на мерачите на работното време, никој не може да биде одговорен ако работниците сакаат да соработуваат со работодавачите во изигрување на Законот и се поставува прашање дали тие работници имаат синдикат, дали имаат синдикално организирање и дали можат тие работници да го информираат Државниот инспекторат за труд за да, ако се работи така во трета смена, дали Инспекторатот си ја завршил својата работа онака како што треба.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине министре.

Повелете госпоѓо Лалчевска имате три минути.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине претседателе.

Ако е се така како што образложи министерот, колку долго се подготвувал овој закон, каде се бил проверуван, па во Економско-социјалниот совет, па претставниците на КАРДС и тн., зошто сега е проблем да оди во фази.

И покрај тоа што се само неколку одредби, мислам дваесетина, очигледно дека денешната расправа покажува дека има недоречености и нејаснотија. Зошто не оди во две фази, за да ги расчистиме тие нејаснотии.

Еве, јас ќе ви посоам една за која упорно не сакате да дадете одговор.

Со овој Предлог-закон за агенција за привремени вработувања, во членот 12 третирате договор за вработување, не велите за привремено вработување, туку за вработување. Зошто е потребно агенцијата да склучува договор за вработување со лицето, а знаеме дека договор за вработување се склучува меѓу работникот и работодавачот. Агенцијата не му е работодавач. Агенцијата понатаму ќе го отстапува работникот. Зошто е потребно да доставува примерок до Агенцијата за вработување на Република Македонија? Затоа што привремено ќе го вработува да го избришат од евиденцијата и за два-три месеци да покажеме силен пад на невработеност?

Господине министре, тука е клучниот проблем што законот ќе се искористи, за жал, во политички цели. Јас не сакам ни малку политички да зборувам, меѓутоа, така е. Објаснете ни зошто е потребно да заклучува, таа треба да посредува, а не да склучува договор за вработување. Таа не е му е работодавач. Ќе е работодавач фирмата каде ќе оди да работи, не е воопшто смешно, жално е. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута за министерот за труд и социјална политика.

**Стевчо Јакимовски:** Повторно да интервенирам. Почитувана госпоѓо Лалчевска, не сте го разбрале законот. Работодавач на лицето му е токму

агенцијата за привремени вработувања. Сосема обратно од она што вие го тврдите. Таа е негов работодавач. Таму му се плаќаат придонеси, со неа тој склучува договор за вработување. Се склучува договор за вработување за да му се платат придонеси, за да се изврши евиденција, ако е на евиденција во Агенцијата за вработување. Не се плашете, штом тој остане без работа, веднаш има право да се врати во Агенцијата за вработување и да се евидентира како невработен и да ги користи сите права како невработено лице. Значи, нема никаква злоупотреба, освен ако лицето претходно не било избришано од евиденција и има казна од година дена да не може да се пријавува, инаку сите други нема причина вие ако сте вработени три месеци, после три месеци си имате право да се вратите во Агенцијата за вработување без никаков проблем. Не знам зошто гледате било какви можности за манипулација. Законот е толку јасен, има 21 член.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Стаменков.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници, мене воопшто не ми е јасен законот. Изгледа само на министерот му е јасен и потполно е неразбирлив. Мислам дека ваков закон не постои никаде во светот. За привремени вработувања. Никаде во светот не постојат агенции за привремени вработувања, тоа со сигурност ви тврдам. Агенција за привремени вработувања. Може да постои агенција за вработување и секаде постојат во светот агенции за вработување, но не за привремени вработувања.

Самиот Закон за работни односи кој го донесовме тука, во потполност не ја регулира таа материја на вработувањето. Едноставно не вградивме елементи работодавачот кога ќе вработува одредено лице да склучи договор на одредено време и по извесен период ако види дека тоа лице не ги задоволува барањата кои ги поставува работното место да бара друго лице кое ќе работи на тоа работно место.

Со оваа агенција за привремени вработувања едноставно сакаме да регулираме едно прашање кое е голем проблем во Република Македонија, тоа е прашањето на вработените лица по договор на дело. Јас очекував министерот да ја спомне таа бројка колку такви лица се вработени од страна на Владата на Република Македонија незаконски, спротивно на позитивните законски прописи. Да ни ја каже колкава е таа бројка и да каже дека сите тие лица ќе бидат пријавени во овие веќе дефинирани по име и презиме физички лица кои ќе оформат вакви агенции и преку нив ќе бидат пријавени како вработени во државната администрација. Тогаш можеме конкретно да зборуваме и без обланди, без замајување на јавноста.

Значи, ние имаме проблем во Република Македонија. Тој проблем се вика незаконско работење на Владата на Република Македонија, вработување на лица по договор на дело, спротивно на Законот за работни односи. Бројката е голема, јас не ја знам точно, од медиумите можеме да слушнеме за пет-шест илјади луѓе кои не се вработени согласно позитивните законски прописи.

Сега, ние измислуваме една категорија или носиме закон во Собранието на Република Македонија таканаречен закон за формирање на агенции за привремени вработувања преку кои агенции сакаме да ја озакониме оваа незаконска работа на Владата на Република Македонија и едноставно одредени физички лица кои сега ќе ги формираат тие агенции, а сигурно се веќе направени списоци кои ќе бидат тие лица, едноставно да оствариме одреден профит преку нив.

Видете, секое друштво, дали е формирана агенција за привремени вработувања, дали е тоа трговско друштво, секогаш се работи за профит. Тоа е нормално. Како можат овие луѓе да остваруваат профит, дали од приватните стопанственици кои остваруваат профит, дали има некој работодавач во Република Македонија кој под овие услови како што се наведени во законот ќе земе работник од агенцијата за привремени вработувања? Верувајте дека не постои таков. Покрај тоа што ќе треба да дава плата на тие работници кои ќе бидат земени од агенцијата за привремени вработувања ќе треба да дава и одредена надокнада, надоместок кој ќе биде како составен дел на платата или на бруто платата на работникот, а кој таа агенција ќе го задржи за себе. Тоа е повеќе од јасно дека е така. Трошоците за тој работник ќе бидат за работодавачот поголеми отколку што се сега. Кој може да го поднесе тоа или кој би го направил тоа? Тоа ќе го направи нормално Владата на Република Македонија, тие пари се од народот, тие не се на Владата, тие пари се на даночните обврзници и не ги интересира како тие пари се трошат. Токму тоа е намерата на овој закон за формирање на агенција за привремени вработувања.

Се спомнаа сезонски вработувања, дека ќе го регулираме прашањето на сезонски вработувања. Знаеме дека во Република Македонија имаме сезонски вработувања и тие се обично во делот на земјоделието, дали ќе се работи за берење на вишни, гроздобер или во конзервната индустрија ќе имаме ангажирање на работници кога е сезоната.

Значи, некои такви работи кои што се од сезонски карактер. Досега како беше регулирано тоа прашање? Едноставно луѓето кои што ангажираа такви лица за сезонска работа ги плаќаа од работен час. Многу од нив дури и не плаќале ниту персонален данок на тие пари, а не пак осигурување, или пријавување за здравствено осигурување, за пензиско осигурување. Значи сега треба да ги натераме тие лица кои што ангажирале илјадници луѓе сезонски за берба на

вишните, да ги натераме да земат луѓе од Агенцијата за привремено вработување на кои што лица ќе им биде платено пензиското осигурување, сите придонеси, односно бруто платата за тој период, дали е месец, или два месеци, ќе треба да биде во потполност покриена. Ние знаеме дека бруто платата кога ќе ја додадеме на нето платата, разликата е скоро за 80% повисока сума. Дали во Република Македонија некој верува дека постојат такви работодавачи што ќе го направат тоа, а да си ги покријат трошоците за работењето и со такви трошоци на работење да работат. Верувајте дека не постојат такви. Затоа што работниот час кога ќе го пресметаат колку ќе излезе по работник, ќе ја надмине вредноста на работниот час и во западните земји, ако тоа се прави така. Сакам да кажам дека Министерството за труд и социјална политика, или Владата не размислиле добро што прават со овој закон. Мислам дека ќе го реши само единствено она првото кое што го спомнав, проблемот со незаконското вработување на луѓе со договор на дело преку Владата на Република Македонија и ќе обезбеди за одредени свои партиски војници профит кој што ќе го направат, бидејќи овие луѓе ќе бидат пријавени преку тие агенции. Тоа е повеќе од јасно и јас знам дека нема да имаме формирано многу вакви агенции, верувајте дека нема да бидат многу, затоа што и тој кој што ќе сака да формира агенција ако ги почитува законските прописи кои што се наведени во законот, а ако нема сигурни работодавачи кои што ќе земат од нив луѓе, ќе биде осуден да пропадне како фирма, или како друштво. Така што не само што нема да прави профит, туку ќе работи со загуба. Сметам дека законот кој што се предлага од страна на министерот треба да се повлече. Овој закон едноставно ќе направи уште поголеми проблеми во сферата на вработувањето. Проблемите ќе бидат видливи веднаш после изборите, Владата која што ќе дојде, дали ќе биде оваа, или ќе дојде некоја друга влада, ќе има проблеми со овој закон за да едноставно сите тие кои ќе бидат пријавени преку агенциите со привремени вработувања во државната администрација ќе има проблем да се справи со нив, едноставно да успее да го регулира прашањето. Иако во оваа наша држава се е можно. Ние бевме сведоци на отпуштање на регуларно вработени луѓе кои што се прогласија за технолошки вишок, тоа се илјадници луѓе кои што после изборите 2002 и 2003 година останаа без работа, а на нивнот место веќе во овие неколку години 2004 и посебно 2005 година се вработија потполно неквалификувани лица без сооодветна стручна подготовка, а единствена стручна подготовка им е партиската книшка која што е единствен доказ за способност и доказ дека можат да ги обавуваат работните задачи и дека имаат право на работа. Тоа е факт дека е така и тоа пракса која што од 1990 година владее во Република Македонија. Тоа мораме сите да го признаеме. И затоа државата ни е во ваква состојба, затоа имаме катастрофална состојба во сите сфери на живеењето, дали е тоа труд и социјала, дали е тоа економија, дали е тоа земјоделие, едноставно луѓето кои што ги сметаме за партиски војници велат: ние не треба да работиме, ние ќе работиме кога ќе дојдат изборите и никој жив не може да ги натера да работат. И сега тие го чекаат месец јули, ако тогаш бидат изборите, тогаш ќе работат во тој период од месец дена ќе си ја заработат платата за наредните четири години. И сакаме државата да ја биде. Е, нема државата да ја биде додека на тој начин ја водиме. Крајно време е да ставиме точка на овој начин на работа.

Првата точка ќе ја ставиме со повлекување на овој закон, бидејќи законот е во насока на тоа да се регулира проблемот кој што го имаат партиите на власт со партиските војници, едноставно да ги згрижат, да дојдат до некои решенија бидејќи мислам дека притисокот од страна на Европската заедница е толку голем што веќе не дозволува вработување во државната администрација. Ние имаме не само прегломазна, туку може да се каже според бројот на жителите и грандиозна државна администрација во однос на другите држави, имаме државна администрација која што сигурно ќе задоволи потреба за некоја десет милионска држава. Повеќе од јасно е дека притисокот од ММФ, притисокот од Европската унија е тој кој што го ограничува министерот за финансии да издава повеќе согласности за вработување на партиските војници.

Можам и да завршам претседателе, но ќе кажам уште едно, дека ќе беше многу подобро министерот да излезеше на терен за да ја види вистинската ситуација која што владее во областа на вработувањето во Република Македонија, која што ја спомнав во репликата и да престане да ги протежира партиските фирми кои што со години немаат пријавен ниту еден, а потоа дури земаат пари од државата по основ на технолошки вишок. Значи, не само што ја оштетуваат државата со тоа што не ги плаќаат придонесите цела година, туку и успеваат со повторно пријавување од месец или два, после тој законски утврден рок за технолошки вишок дури и да земат од Буџетот на Република Македонија, односно од граѓаните на Република Македонија. Тоа е она кое што е прав проблем во Република Македонија со вработувањето. Излезете на терен, посетете ги фирмите, видете, на 31 јануари имале 200 вработени, на први февруари, ниту еден вработен, а имаат извоз на илјадници конфекциски единици. Кој ги шие тие? Како може да работи една шивална без работници и да извезува, лон систем да работи. Вие мислите дека тоа никој не го гледа, дека никој не може да го забележи тоа и дека не знаеме кои се тие луѓе? И како може еден исто во таа област конкурент кој што работи да има право на конкуренција кога едноставно трошоците на работењето не се исти. Крајно време е да завладеат законите во Република Македонија, да се почитуваат прво од страна на министерот и потоа од сите подредени под него како државна администрација и да бидат

спроведени спрема сите еднакво, не селективно. Само така можеме да ја оправиме државата, само така можеме да имаме напредок, а не со вакви агенции за привремени вработувања.

**Љупчо Јордановски:** Господине министре, три минути реплика.

**Стевчо Јакимовски:** Јас сум изненаден од дискусијата на почитуваниот пратеник Стаменков и неговата забелешка дека вакви агенции не ни биле потребни, дека ги немало никаде, дека тоа се наши измислици итн. Почитуван пратеник, би било убаво кога доаѓа законско решение пред вас малку да се подготвите, како што госпоѓицата Грковска се подготвила и да ја прочитате Конвенцијата на Меѓународната организација на трудот број 181. Исто така, да ги прочитате директивите на Европската унија кои се однесуваат на агенциите за повремено вработување и ќе ни биде јасно дали е тоа наша измислица автохтона на Министерството за труд и социјална политика и на оваа Влада, или не.

Второто прашање, јас не знам кои физички лица ќе основаат агенции, кои се тие партиски, или не партиски, но бидете сигурен никој од нив нема да се вика Леон. Вие знаете за една агенција, односно младинска задруга Леон со седиште во Куманово формирана еднонаменски за 3, 4 година која што вработуваше многу луѓе за одреден временски период и ако мислите добро на овој закон и на овие луѓе проверете си колку ваши партиски кадри останаа без платени придонеси. Доколку го имаа овој закон денеска неколку илјади ваши партиски членови ќе имаа платени придонеси за пензиско и инвалидско осигурување и веројатно ќе беа многу посреќни со едно вакво решение. Што се однесува до тие што не плаќаат придонеси, наместо овде гордо да ни изјавувате колку вие нешто знаете и сте откриле, а јас не сум открил, вие бидејќи добро им мислите на тие 200 луѓе што останале во фирмата сте требале и досега да не известите, бидејќи сте знаеле, или Инспекторатот за труд за да ние реагираме, наместо овде на говорница тоа да ни го кажувате. Јас ве молам, после ова веднаш да ни ја кажете таа фирма и ние ќе реагираме. Имаме многу случаи кога сме реагирале кога одредени лица не известиле, пратеници, или не знам кој. Последен пат беше во Свети Николе за фирма која што нема платено придонеси 18 месеци. Фирмата си најде начин тоа да си го регулира. Јас ве молам, во интерес на тие вработени да кажете за која фирма се работи. Ние ќе постапиме согласно законските прописи.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контра реплика, господине Стаменков.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван министер, јас не верувам дека вакви агенции постојат некаде во светот, токму како што се во нашиот закон. Јас ви реков дека постојат агенции за вработување и тоа е нормална работа. Вакви какви што ние предлагаме со законот, не постојат. Во тоа не можете да ме убедите. Што се однесува до фирмите кои што не плаќаат придонеси, па вие за тоа земате плата, затоа сте вие министер и вие треба да си ја работите работата. Ако ние пратениците ја работиме вашата работа, тогаш не ни треба министер, не ни треба Влада.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата. Треба да гласаме по заклучок.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Благодарам нека седнат сега пратениците на своите места . Има 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за агенциите за привремени вработувања.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутни пратеници, 57 гласале , 54 за, нема воздржани, 3 против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

61 пратеници се присутни , 56 гласале, 51 за, нема воздржани, 5 против Ѓ.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот нна законот

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот .

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2, член 4 за менување на став 2, за менување на член 5, член 6 за менување на став 1, став 2, точки 1, 2 и 3 , став 3 и на став 4, член 7 став 2, член 9 став 2 точки 1,2 и 3, за менување на став 3 и на ставовите 4, 5 и 8, за додавање нов член 9-а, по членот 9, член 10 став 3, за додавање нова алинеја 1-а, по воведната реченица, алинеја 7 и за додавање нова алинеја 7-а по алинејата 7, член 12 став 3, член 15 став 5, член 17 став 1 за додавање нова точка 2-а, по точката 2 и за додавање нов член 19-а, по членот 19, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Славица Грковска поднесе амандман на член 9 за додавање нов став 9 по ставот 8, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за додавање нов став 9 по ставот 8, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика. Повелете.

**Стевчо Јакимовски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и е составен дел од Предлогот на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот со предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го проверат бројот, бидејќи знам дека излегоа неколку пратеници.

Сега вклучам 10 минути чекање за кворум.

Но, толку лидери на партии се појавија во овој Парламент, а сега немаме кворум, бидејќи тие по дефиниција не присуствуваат на седница.

Ги молам пратениците да седнат на своите места, бидејќи сега во салата има 61 пратеник.

Службите нека го утврдат бројот на присутните.

Благодарам.

Туак ќе ја прекинам седницата , а дополнително ќе бидете известени кога оваа седница ќе биде продолжена.

(Седницата прекина со работа во 16,25 часот)